ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ОД РЕКТОРОТ

проф. д-р Билјана Андреска Богдановска

за работењето на Универзитетот



АКАДЕМСКА

2024/2025

ГОДИНА

Скопје

Декември 2025



2024-2025



СОДРЖИНА

Вовед 4
А. Општи напомени 4
Б. Услови под кои се врши дејноста на универзитетот 6
1. Студенти 8
1.1 Резултати од студирањето 10
2. Настава 10
2.1 Универзитетски календар на наставни активности 10
2.2 Програма за неработни денови 12
2.3 Единици во состав на Универзитетот 13
2.4 Настава и број на студенти на единиците во состав на Универзитетот 19
2.5 Наставен кадар и покриеност на настава. 27
3. Издавачка дејност 39
4. Научно-истражувачка дејност 41
4.1 Издадени книги, научно-истражувачки трудови, учества на научни конференции и „ERAZMUS+“ посети. 43
5. Стручно-уметнички активности на Факултет за арт и дизајн 53
6. Практична работа на студентите 61
7. Клиничка настава 63
8. Меѓународна соработка 63
9. Промоција на универзитетот 66
10. Активности на наставници и соработници 68
11. Посебни активности на деканите на факултетите 99
12. Работа на органите на Универзитетот и факултетите 104
12.1 Работни обврски на Универзитетски сенат 104
12.2 Работни обврски на Ректорска управа 105
12.3 Работа на органите на единиците во состав на Европски универзитет 106
13. Работа на Еразмус канцеларијата 111
14. Меѓународно научно списание за науки и уметности „ИДЕЈА“ 113
15. Самоевалуација 114
Заклучни согледувања 116

ВОВЕД

Д-р Билјана Андреска Богдановска, редовен професор на Факултетот за економски науки, со своето богато искуство од областа на високото образование, активно придонесува во развојот на Универзитетот, вршејќи ја функцијата Ректор на Европски универзитет Скопје, втор мандат. Согласно член 99 од Законот за високото образование, ректорот на универзитетот е задолжен секоја година да поднесе извештај за своето работење и за работата на универзитетот до Универзитетскиот сенат и основачот. Извештајот го опфаќа целокупното функционирање на единиците при универзитетот, како и напорите вложени за негов развој и напредок. Главните цели и ангажмани на ректорот се фокусирани кон организација и унапредување на универзитетот, како на локално, така и на меѓународно ниво. Ректорот во рамките на својата надлежност, обезбедува конкурентност на пазарот на високообразовни институции, со цел да се зголеми бројот на запишани студенти од земјата и странство, да се доделат стипендии за школарина и да се понудат квалитетни образовни услуги преку акредитирани студиски програми кои ги исполнуваат потребите на сегашните и идни генерации. За да ги оствари овие цели, ректорот се ангажира и индивидуално и колективно, користејќи самокритичен пристап и рационално управување со ресурсите, што води кон зголемен квалитет и успех во сите аспекти на работењето на универзитетот. Во

Годишниот извештај за работа на ректорот, вклучени се сите клучни аспекти за функционирањето на универзитетот, како што се условите за извршување на неговата дејност, бројот на студенти во академската 2024/2025 година и постигнатите резултати во образовниот процес. Извештајот детално ги опишува активностите на наставниот кадар, покриеноста на наставата по различни факултети, како и издавачката и научно-истражувачката дејност. Во него се вклучени и стручноуметничките активности на Факултетот за арт и дизајн, како и практичната работа на студентите, која е важен аспект на нивното образование. Извештајот исто така ги опфаќа активностите на деканите и други членови на наставничкиот и соработничкиот кадар, како и нивниот ангажман за унапредување на академските цели на универзитетот. Особено се истакнуваат напорите за унапредување на меѓународната соработка, промоцијата на универзитетот на глобално ниво, и значајните достигнувања во тоа поле. Дополнително, во извештајот се наведени одржаните седници на Ректорската управа и Универзитетскиот сенат, како и состаноците на наставно-научните совети на единиците во состав на Европски универзитет Скопје. Клучна компонента на извештајот е и активната работа на Меѓународното научно списание за науки и уметности „Идеја“, кое претставува значаен ресурс за научната заедница. Истовремено, извештајот ги опфаќа активностите на ЕРАЗМУС канцеларијата, која игра важна улога во мобилноста на студентите и наставниот кадар, како и во одржување на меѓународни партнерства и размена на академски искуства. Сите овие активности ја поткрепуваат стратегијата на универзитетот за постигнување на висок академски стандард и за интеграција во глобалната академска и научна заедница. Во текот на академската 2024/2025 година, редовно беа организирани седници на Ректорската управа, на кои учествуваа деканите на факултетите, проректорот за настава, генералниот секретар и претставник на правната служба. На овие состаноци беа разгледувани и решавани тековните проблеми што се јавуваа во функционирањето на универзитетот, а исто така се дискутираше и за активностите на наставниот и соработничкиот кадар. Сите академски и административни активности беа завршени во предвидениот рок, со висока ефикасност и квалитет

А. ОПШТИ НАПОМЕНИ

Европски универзитет Скопје, како високообразовна установа, продолжува да се развива во согласност со најновите глобални и европски стандарди. Во академската 2024/2025 година, универзитетот ги реализира своите академски програми, согласно

Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ бр.82/18) и интерните акти на универзитетот, вложувајќи во креирање иновативна и квалитетна образовна средина. Студентите се поттикнати да се развиваат и да стекнуваат нови знаења кои ќе ги направат конкурентни на домашниот и меѓународниот пазар. Универзитетот активно го следи развојот на образовните трендови и соработува со бројни образовни институции во земјата и во странство, со цел обезбедување на квалитетен академски процес и научни истражувања на високо ниво. Оваа академска година, слично како и претходните, студентите се во фокусот на активностите на Универзитетот – нивното знаење, потреби и амбиции претставуваат основа за поставување на суштинските цели, со акцент на:

1. Обезбедување на квалитетно високо образование;
2. Стимулирање на истражувачки активности и научни проекти;
3. Создавање на партнерства и соработка со странски универзитети и институции;
4. Организирање на меѓународни научни конференции;
5. Поддршка на студентите за создавање иновации и започнување на сопствени бизниси;
6. Практично искуство и вежби за студентите како дел од образовниот процес;
7. Обезбедување техничка и логистичка поддршка за студентите и кадарот;
8. Стручно усовршување на наставниот, соработничкиот и административниот кадар;
9. Воведување на дигитални технологии во процесите на универзитетот.

Согласно мисијата на универзитетот, студентите беа поттикнати да се вклучат во истражувачки активности и научни проекти, со цел да развијат нови идеи и иновации. Се создадоа партнерства и соработка со странски универзитети и институции, што им овозможи на студентите и наставниците да разменуваат знаење и искуства на меѓународно ниво. Организирањето на конференции, работилници и проекти, обезбеди платформа за споделување на нови научни достигнувања, истражувања и споделување на мислење, со посетеност на претставници и учесници од други институции и стручњаци од разни области. Практичното искуство и вежбите се интегрирани во наставата, со цел студентите да ги применат теоретските знаења во реални услови. Обезбедена е техничка и логистичка поддршка за студентите и кадарот, што ќе овозможува непречено функционирање на образовниот процес. Дополнително, се вложуваше и во стручното усовршување на наставниот, соработничкиот и административниот кадар, со цел да се осигура висококвалитетна и современа настава, со која практитка се планира да се продолжи и во иднина. Дигитализацијата на документацијата има за цел да ги поедностави процесите на управување со податоци, обезбедувајќи брз и лесен пристап до информации, подобрувајќи ја ефикасноста во административното работење, во насока на модерно студирање според европските критериуми. Во остварувањето на својата мисија, универзитетот секогаш се определува за следните трајни вредности:

- современ концепт на организација на наставата;
- висок квалитет и стандард во реализацијата на деловните процеси;
- интензивна меѓународна соработка и
- поврзување со сите значајни учесници на националното и меѓународно опкружување.

Овие вредности не само што го поддржуваат развојот на студентите и кадарот, туку и го осигуруваат успешното интегрирање на универзитетот во глобалната академска заедница, создавајќи можности за иновации и напредок во полето на образованието и истражувањето.

Б. УСЛОВИ ПОД КОИ СЕ ВРШИ ДЕЈНОСТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ


Универзитетот располага со функционален простор од над 10.000 квадратни метри, распределен така што целосно ги поддржува потребите на студентите и наставата. Во рамките на овој простор се наоѓаат 17 современи предавални и два големи амфитеатра, каде што се изведува теоретската настава и различни универзитетски активности.

Покрај нив, поставени се и пет софистицирани компјутерски и специјализирани лаборатории, кои овозможуваат квалитетна практична работа за студентите од графички дизајн, ентериер и моден дизајн. Модното ателје е опремено со современи машини за шиење и маси за кроење, додека студиото за прототипови располага со професионални машини и алати за обработка на материјали. На располагање е и специјално ателје со опремени работни простори за цртање и сликање.

Студентите имаат на располагање и сала за вежбање, каде што се одржуваат тренинзи по кик-бокс и боречки вештини, како дел од програмите што бараат физичка подготовка или дополнителни активности.

Факултетот за дентална медицина има свои посебни предавални и простории за практична обука, а практичната настава се реализира и во рамките на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Проф. д-р Бојо Андрески“ во Скопје, кој е специјализиран токму за потребите на овие студии.

Слика 1.
Современи услови за работа и студирање



Единиците во состав на Универзитетот располагаат со современа техничка опрема и помагала кои овозможуваат квалитетна и непречена реализација на студиските програми. Наставата се одвива со користење на компјутери, принтери, скенери, веб-камери, микрофони, звучници, проектори, фотокопири, телевизори и смарт-табли. Покрај ова, Универзитетот има на располагање голем број лаптоп и десктоп-компјутери, неколку

сервери, видеопроектори и специјализирана хардверска опрема која ќе биде дел од идниот систем за далечинско учење. Универзитетот активно користи и повеќе софтверски решенија кои ја поддржуваат наставата, административното работење и комуникацијата.


Целокупниот простор и опрема се ставени во функција на студентите, наставниците и административниот кадар. Предавалните се прилагодени за работа со групи до 50 студенти и овозможуваат комфорна и продуктивна средина. Информатичките лаборатории се поврзани на интернет 24 часа дневно, со што студентите добиваат оптимални услови за истражување, пристап до бази на податоци и реализација на проектни задачи. Секоја предавална е опремена со компјутер поврзан со проектор и аудиовизуелна камера, што овозможува современа изведба на наставата, како и следење на предавањата преку интернет.

Универзитетската веб-страница се ажурира редовно и содржи информации за студентите, факултетите и наставниот кадар. Содржините се достапни и на англиски јазик, а за интернационалните студенти е обезбедена посебна страница. За дополнително олеснување, на студентите им е овозможено online пријавување на испити.

Професорите и соработниците располагаат со сопствени кабинети, што им овозможува непречена работа и редовен прием на студенти. Универзитетот има воспоставен современ систем за обезбедување со видеокамери поставени низ целиот објект, со што се гарантира безбедна и контролирана средина.


За подобра комуникација со јавноста и студентите, Универзитетот е присутен и на социјалните мрежи преку официјални Facebook, Instagram и YouTube профили.

Слика 2.
Ателје за цртање и сликање според сите стандарди кои овозможуваат одлична работа



1. СТУДЕНТИ

Во академската 2024/2025 година на ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ Скопје, на I (прв) и II (втор) циклус студии, студираа вкупно 682 активни студенти. Од вкупниот број активни студенти, 653 студенти студираа на I /прв/ циклус студии и 29 студенти на II /втор/ циклус студии (графикон бр. 1).



Од вкупниот број активни студенти на Европски универзитет Скопје, 45 студенти се студенти во I (прва) година, 57 студенти во II (втора) година, 200 се студенти во III (трета) година, 179 се студенти во IV (четврта) година, 113 студенти во V (петта) година (графикон број 2).




Во академската 2024/25 година ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ Скопје не бележи намалување на вкупниот број запишани студенти. Вкупниот број на запиешани студенти е 108 (графикон број 3).



Вкупниот број на студенти на I (прв) и II (втор) циклус студии по единиците во состав на ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ Скопје, во академската 2024/2025 година е следниот:


1. **ПРВ ЦИКЛУС**

I ЦИКЛУС	**ФДМ/ФС**	**ФДМ/ФС СТРАНСКИ СТУДЕНТИ**	**ФАД**	**ФДК**	**ФИ**	**ФЕН**
2024/2025	9	3	12	8	6	7
2023/2024	14	7	9	18	2	7
2022/2023	49	3	42	48	22	36
2021/2022	35	8	33	53	15	35
2020/2021	36	5	15	37	16	4
2019/2020	59					



2. **ВТОР ЦИКЛУС**

II ЦИКЛУС	**ФАД**	**ФДК**	**ФИ**	**ФЕН**
2024/2025	3	6		5
2023/2024	1	3	1	10



1.1 РЕЗУЛТАТИ ОД СТУДИРАЊЕТО

Во учебната година 2024/2025 дипломирале 122 студенти. Од нив 15 дипломирале на Факултетот за економски науки, 5 на факултетот за информатика, 22 на факултетот за арт и дизајн, 30 на факултетот за детективи и криминалистика, 30 на факултетот за дентална медицина и 10 на забен техничар.



Во учебната година 2024/2025 магистрирале 19 студенти. Од нив 10 магистрирале на Факултетот за економски науки, 5 на факултетот за арт и дизајн, 4 на факултетот за детективи и криминалистика

2. НАСТАВА

2.1 УНИВЕРЗИТЕТСКИ КАЛЕНДАР НА НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Наставата во академската **2024/2025 година** се одвиваше според следниот:

УНИВЕРЗИТЕТСКИ КАЛЕНДАР
на наставни активности
во академската 2024/2025 година

за ПРВ и ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ
на ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Согласно Законот за високо образование, АКАДЕМСКАТА 2024/2025 ГОДИНА ЗАПОЧНУВА НА 01.10.2024

НАСТАВАТА ВО ЗИМСКИОТ СЕМЕСТАР НА ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ ЗАПОЧНУВА НА 01.10.2024 (ВТОРНИК)

Времетраење на
ПРВ (ЗИМСКИ) СЕМЕСТАР

01 Октомври 2024	17 Јануари 2025
Настава, вежби, консултации (6 недели) 01. 10.	08. 11. 2024
• Прв колоквиум (1 недела) 11.11	15. 11. 2024
Настава, вежби, консултации (6 недели) 18. 11.	27. 12. 2024
Одбрана на стручни трудови (1 недела) 02.01	10. 01. 2025
• Втор колоквиум (1 недела) 13.01.	17. 01. 2025

ЗИМСКИ РАСПУСТ ЗА СТУДЕНТИТЕ: 20 ЈАНУАРИ - 14 ФЕВРУАРИ 2025

НАСТАВАТА ВО ЛЕТНИОТ СЕМЕСТАР НА ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ ЗАПОЧНУВА НА 17.02.2025 (ПОНЕДЕЛНИК)

Времетраење на

ВТОР (ЛЕТЕН) СЕМЕСТАР	17 Февруари - 30 Септември 2025		
Настава, вежби, консултации (6 недели)	17. 02 - 28. 03. 2025		
•	Прв колоквиум	(1 недела)	31. 03. - 04. 04. 2025
Настава, вежби, консултации (6 недели)	07. 04. - 16. 05. 2025		
Одбрана на стручни трудови (1 недела)	19.05. - 23. 05. 2025		
•	Втор колоквиум	(1 недела)	26.05. - 30. 05. 2025

ЛЕТЕН РАСПУСТ ЗА СТУДЕНТИТЕ: 15 ЈУЛИ - 31 АВГУСТ 2025

ИСПИТНИ СЕСИИ - датуми на одржување на испитните сесии на Прв и Втор циклус студии:

8 Испитни сесии	Датум на пријавување	Датум на одржување	
•	Октомври	01 - 07. 10. 2024	21 - 31. 10. 2024
•	Ноември	01 - 05. 11. 2024	18 - 29. 11. 2024
•	Декември	01 - 07. 12. 2024	16 - 27. 12. 2024
•	Февруари	01 - 07. 02. 2025	17 - 28. 02. 2025

•	Март	01 - 07. 03. 2025	17 - 28. 03. 2025
•	Април	01 - 07. 04. 2025	21 - 30. 04. 2025
•	Јуни	01 - 07. 06. 2025	16 - 27. 06. 2025
•	Септември	12 - 16. 08. 2025	01 - 12. 09. 2025

2.2 ПРОГРАМА ЗА НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ ЗА АКАДЕМСКАТА 2024/25 г. согласно Законот за празниците на Р. Македонија (Сл.весник на РМ, бр. 21/98 и 18/07) НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ 2024, започнувајќи од 1-ви Октомври

За сите граѓани на РМ:

• 8 септември (недела), Ден на независноста, односно 09 септември (понеделник) е неработен ден
• 11 октомври (петок), Ден на народното востание,
• 23 октомври (среда), Ден на Македонската Револуционерна Борба,
• 8 декември (недела), „Св. Климент Охридски" 8 - ми декември е во недела - неработен ден, односно 09 декември (понеделник) е неработен ден.

Само за граѓаните од католичка вероисповед:

• 01 ноември (петок) - Празникот на сите светци;
• 25 декември (среда) - прв ден на Божиќ.

Само за граѓаните припадници на албанската заедница во РМ:

• 22 ноември (петок) - Ден на албанската азбука.

За граѓаните припадници на турската заедница во РМ:

• 21 декември (сабота) - Ден на настава на турски јазик.

НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ во 2025 година, заклучно со 30-ти Септември

За сите граѓани на РМ:

• 01 јануари (среда) - Нова Година;
• 07 јануари (вторник) - Божиќ, прв ден на Божиќ, според Православниот календар;
• 21 април (понеделник) - прв ден на Велигден, според Православниот календар;
• 1 мај (четврток) - Ден на трудот
• 31 март (понеделник) - Рамазан Бајрам, прв ден на Рамазан Бајрам;
• 24 мај (сабота) „Св. Кирил и Методиј" - Ден на сесловенските просветители;
• 02 август (сабота) - Ден на Републиката;
• 8 септември (понеделник) - Ден на независноста.

Само за граѓаните од православна вероисповед:

• 06 јануари (понеделник) - Бадник, ден пред Божиќ;
• 19 јануари (недела) - Богојавление (Водици);
• 18 април (петок) - Велики Петок, петок пред Велигден;
• 06 јуни (петок) - Духовден, петок пред Духовден;
• 28 август (четврток) - Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица).

Само за граѓаните од католичка вероисповед:

- 21 април (понеделник) - втор ден на Велигден.

Само за граѓаните од муслиманска вероисповед:

- 06 јули (петок) - Курбан Бајрам, прв ден на Курбан Бајрам.

Само за граѓаните припадници на српската заедница во РМ:

- 27 јануари (понеделник) - Свети Сава.

Само за граѓаните припадници на ромската заедница во РМ:

- 08 април (вторник) - Меѓународен ден на Ромите.

За граѓаните припадници на влашката заедница во РМ:

- 23 мај (петок) - Национален ден на Власите.

За граѓаните припадници на бошњачката заедница во РМ:

- 28 септември (недела) - Меѓународен ден на Бошњаците.

2.3 ЕДИНИЦИ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ

Факултетот за економски науки во состав на Европски универзитет Скопје, постои веќе 20 години, сметајќи од неговата прва акредитација во 2001 година.

Мисијата на Факултетот за економски науки е да обезбеди високо квалитетно образование кое ќе ги подготви студентите за успешна професионална кариера во областите на менаџментот, финансиите, маркетингот и економијата воопшто.

Главната цел на Факултетот за економски науки е да обезбеди висок квалитет на образование кое ќе може да се поистовети со образованието што го нудат најдобрите високообразовни институции во Европа, па и во светот. На студентите им е овозможена силна академска основа со пристап до различни знаења (од областа на финансиското работење, менаџмент и маркетинг техники) со цел тие да се подготвуваат за да бидат продуктивни, компетентни професионалци и одговорни граѓани во разновидната и динамична глобална средина.

Поконкретни активности кои ги спроведува Факултетот, а кои произлегуваат од зацртаната мисија и цел, и се во согласност со Законот за високото образование се следните:

- ✓ Континуирано обезбедување на високо ниво на знаење како врвен приоритет на факултетот;
- ✓ Унапредување на образовниот процес и образовните активности;
- ✓ Изведување на научни и истражувачки активности;
- ✓ Имплементација на современите европски и интернационални образовни трендови;
- ✓ Пренесување на научни и стручни знаења и вештини;
- ✓ Соработка со високообразовни институции и научни установи во земјата и во странство;
- ✓ Квалитетна евалуација според европски и интернационални стандарди.

Работата на Факултетот за економски науки во академската 2024/2025 година може да се оцени како успешна ако се земат предвид неповолните и сложени услови во опкружувањето во високото образование и нелојалната конкуренција од државните и другите приватни универзитети. Неповолната состојба и оваа академска година се должи на состојбите во високото образование во Република Северна Македонија, кои се однесуваат на масовно зголемување на бројот на високообразовни институции, изразената нерамноправна положба помеѓу државните и приватните универзитети, како и нелојалната конкуренција помеѓу нив, но и помеѓу приватните универзитети.

Сепак, Факултетот за економски науки успеа да се одржи и продолжи понатаму со понуда на квалитетно образование. Предностите на факултетот во однос на конкурентните факултети се големи. Имено, истиот ги задоволува високите академски, професионални и технички критериуми и услови за модерно студирање според европски стандарди. Факултетот за економски науки негува еден целосно нов, поинаков пристап кон студентите и кон стекнувањето знаење. Наставно-научниот и соработничкиот кадар е посветен на студентите. Тие, освен квалитетна настава и вежби, се здобиваат со широки знаења, остваруваат секојдневна комуникација со професорите, разменуваат знаења, мислења и идеи, имаат пристап до домашна и странска, најнова и популарна литература и четива, учествуваат во научни и истражувачки проекти и студираат во пријатно опкружување.

Факултетот за економски науки со цел задржување на високиот квалитет на образование и перформанси, и во иднина ќе се заложи за интензивирање на научно-истражувачката работа, учество на меѓународни конференции, заеднички меѓународни проекти, учество во дебати од областа на економијата и поблиска соработка со бизнис-секторот заради полесно вклучување на студентите во општествениот живот на Република Северна Македонија.

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН

Факултетот за арт и дизајн постои повеќе од деветнаесет години и се занимава со едуцирање на кадри од применетата уметност, т.е. продуцира високообразовани кадри од областа на дизајнот на прв и втор циклус на студии од областите на графичкиот дизајн, модниот дизајн и дизајнот на ентериер. Факултетот е организиран како единствена организациона единица со три катедри. До сега, студиската програма по арт и дизајн со модули со изборни предмети на студентите им се овозможуваше потесна специјализација. За успешноста на својата досегашна работа на Факултетот сведочат и големиот број награди и признанија кои континуирано во изминатите години ги добиваа студентите и нивните ментори.

Главни стратешки цели на Факултетот за арт и дизајн се:

- Усовршување на стандардите и критериумите во сите сегменти на настава со цел за подобрување на квалитетот;
- Етаблирање на услови за научно-истражувачка дејност во областа на теоријата и истражувачките аспекти на дизајнот;
- Прилагодување на наставните планови и програми на европските искуства и светските трендови во образованието;
- Активно спроведување на студентската практика преку партнерства со бројни компании и институции;
- Збогатување на настава со афирмирани и успешни професионалци од практиката;
- Создавање услови за интернационализација на Факултетот за арт и дизајн преку размена на студенти и наставници со сродни странски високообразовни институции.

Факултетот за арт и дизајн има препознатлив имиџ во јавноста, со модерен концепт на настава, кој освен академското пренесување на знаење вклучува и иновативни форми, релевантни за дизајнот како област и алтернативни облици на настава. Тоа се предавања на личности успешни и признати во својата област, реализација на студентски проекти, работилници, изложби, модни ревии, учества на конференции, семинари, дебати. Во академската студиска година 2024/25 год. Факултетот за арт и дизајн со целиот наставен кадар составен од професори, асистенти и демонстратори, максимално придонесоа за целосно реализирање на наставната програма и афирмација на факултетот. Природата на дејноста и јавниот карактер на дополнителните активности придонесуваат за целосно функционирање и збогатување на наставната програма на факултетот.

Годишната изложба на ФАД со мини модна ревија беше реализирана во јуни во Лабораториум.

Меѓународната соработка сè уште е со намалени активности. Во академската 2024/25 година беше реализирана една Еразмус+ мобилност за професори и студенти. Во секој случај, дел од наставниот кадар патуваа во странство на семинари, држеа предавања и беа направени нови контакти со универзитети и други организации.

Во зимскиот семестар како насловен насловен вонреден професор беше избран м-р Страхил Петровски, на кој му беа доверени предмети од областа од областа „Фотографија и мултимедија“. М-р Ветон Арифи беше избран за соработник во соработничко звање Асистент од областа „Графички дизајн“.

Во летниот семестар 2025, м-р Елена Филиповска беше избрана за наставник во насловно звање вонреден професор по стручно-уметнички предмети од наставно научната област **„**Дизајн на ентериер“.

Во летниот семестар 2025 м-р Александар Рашковиќ беше избран во наставно научно звање вонреден професор.

И оваа година продолжи ангажирањето на демонстратори од редот на студентите во втор циклус, а тоа беше Александар Чавкаровски. Доц. М-р Елена Фииповска беше избрана за наставник во насловно звање вонреден професор по стручно-уметнички предмети од наставно научната област „Дизајн на ентериер“.

Факултетот имаше и надворешни хонорарни соработници, м-р Ана Трајковска, м-р Ивана Самандова и Александар Темелковски, кои беа ангажирани за различни проектни и други активности.

Од 27 и 28 јуни се спроведоа изборите за претседател и членови на факултетско студентско собрание. Марија Роглева, студентка од трета година повторно беше избрана за претседател, додека Леона Давидовска од прва година беше избрана за член на собранието.

Мандатот на в.д Деканот проф. д-р Гордана Вренцоска заврши на 30 декември 2024.

Беше објавен конкурс за избор на нов декан на кој се пријави проф. м-р Благојче Наумоски. Мандатот на Деканот проф. м-р Благојче Наумоски започна на 30.12.2025 год.

Проф. д-р Јана Манева – Чупоска на 11.07.2025 го прекина работниот однос со Европскиот универзитет но продолжи како визитинг професор.

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА

Факултетот за дентална медицина функционира како составна единица на Европски Универзитет – Скопје. Во академската 2024/2025 година беше запишана седумнаесеттата генерација студенти на студиската програма Дентална медицина, како и дванаесеттата генерација студенти на Стручните студии од прв циклус за Забни техничари.

Во академската 2024/2025 година наставата на Факултетот за дентална медицина се реализираше исклучиво со физичко присуство, на македонски и англиски јазик, во зависност од предвидената студиска програма.

Факултетот ги остварува своите наставни, научни, здравствени и истражувачки активности во рамките на просторните, технолошките и административните услови обезбедени од Европски Универзитет – Скопје и ПЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Проф. д-р Бојо Андрески“. Клиничкиот центар, исто така, има склучено договор за соработка со ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ – Скопје, со што се овозможува надградба и проширување на условите за реализација на практичната и клиничката настава.

Наставата на Факултетот за дентална медицина е организирана во рамките на две студиски програми:

- **Дентална медицина**,
- **Забни техничари**.

Тргнувајќи од основната цел на Европски Универзитет – Скопје да обезбеди квалитетно образование, еквивалентно на најдобрите европски и светски високообразовни институции, како и согласно обврските утврдени во член 20 од Законот за високото образование, Факултетот за дентална медицина ги насочува своите активности кон организација и развој на квалитетна високообразовна, научно-истражувачка и применувачка високостручна дејност во рамките на студиското и научно-истражувачкото подрачје на стоматологијата.

Факултетот континуирано применува современи европски и меѓународни образовни трендови, спроведува квалитетна евалуација на наставниот процес согласно европските и интернационалните стандарди и развива соработка со високообразовни институции во земјата и во странство.

Со совладување на наставната програма на Факултетот за дентална медицина при Европски Универзитет – Скопје, студентите стекнуваат знаења, вештини и компетенции кои им овозможуваат сигурно и професионално презентирање и применување на теоретските и практичните содржини во решавањето на актуелните стоматолошки проблеми. Тие се обучуваат ефикасно да ги користат ресурсите и времето за работа и се оспособуваат за квалитетна, организирана и тимска професионална соработка.

Стекнатите знаења, научените практични вештини и професионалните ставови придонесуваат дипломираниот доктор по дентална медицина да настапува со поголема самостојност, сигурност и професионална зрелост во понатамошната клиничка практика.

Покрај грижата за едукацијата на студентите и континуираното усовршување на дипломираните студенти, еден од врвните приоритети на Факултетот за дентална медицина е континуираниот развој на Факултетот и на наставниот кадар.

Тоа се обезбедува преку употреба на литературата од сопствената библиотека, опремена со читална, како и преку целосна компјутерска инфраструктура со слободен пристап до интернет за наставниците, соработниците и студентите.

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА

Факултетот за детективи и криминалистика постои веќе цели 17 години, при што дава забележителен придонес во едуцирање на кадри од областа на јавната и приватната безбедност и криминалистиката, на прв и втор циклус на студии. Во текот на своето постоење, Факултетот успеа да изгради препознатлив имиџ со еден модерен концепт на настава, кој освен академското пренесување на знаење вклучува и практични облици на настава. Тоа се предавања на познати експерти од областа на безбедноста, искусни оперативци од безбедносниот систем на нашата држава и пошироко и криминалистиката. Современата наставна програма преку задолжителни и изборни предмети на студентите им овозможува потесна специјализација во областа на јавната и приватната безбедност, односно националната безбедност и криминалистиката.

Во академската студиска година 2024/25 година наставниот и соработничкиот кадар кои се во редовен работен однос, вклучително и визитинг професорите и наставниот кадар со насловно наставно-научно звање, преку континуирана академска и научна соработка и активности максимално придонесоа за целосно реализирање на наставната програма, афирмација на Факултетот на домашно и меѓународно ниво и подигнување на знаењето кај студентите.

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

Факултетот за правни науки (во понатамошниот текст: ФПН) започна со работа врз основа на Решението бр. 5462/2 на Министерството за образование и наука (во понатамошниот текст: МОН), донесено од Министерот за образование и наука на ден 10.12.2007, кој, имајќи го предвид Решението бр.сл.12 на Одборот за акредитација на високото образование (во понатамошниот текст: ОАВО) и писмениот извештај на тричлената комисија, формирана од него самиот, за исполнетоста на условите за почеток со работа на ФПН согласно Законот за високо образование (во понатамошниот текст: ЗВО) и Правилникот за нормативите и стандардите за основање високоообразовни установи и вршење високообразовна дејност (во понатамошниот текст: ПНСОВУ), одлучи како во диспозитивот на решението. Седиштето на ФПН е во Скопје. Активностите на ФПН се спроведуваат во согласност со Законот за високо образование, како и во согласност со Статутот на Универзитетот, правилниците за работа и другите акти и позитивните правни прописи.

Мисијата на Факултетот за правни науки , како дел од системот на институции кои не само што подготвуваат кадри, туку и битно влијаат на професионалноста и квалитетот на законодавството, структурата на апаратот на јавната администрација, а посебно на правосудниот систем е, да обезбеди висок квалитет во образованието од областа на правото, еднакво на најдобрите образовни институции во Европа и во светот. Преку примена на највисоките стандарди, факултетот обезбедува запознавање со суштинскиот концепт на правото, негово усвојување од страна на студентите, ја развива нивната креативност и ги подготвува за практична примена на прописите.

Мисијата на ФПН може поблиску да се определи преку дефинирање на основните цели кои тој ги постигнува и развива со својата работа. Без претензија да се набројат сите, меѓу нив спаѓаат и :

- Понатамошен развој на ЕУ и на самиот факултет;
- Континуирана интеракција со институциите вклучени во процесот на развој на правниот систем и вклучување на студентите и наставниците во тој процес;

- Давање соодветен придонес кон развојот на законодавството;
- Подготвување кадри за специфичните профили во областа на правото;
- Развој на научните дисциплини кои се изучуваат на ФПН;
- Осовременување на наставните методи за реализација на студиските програми;
- Интеграција на регионалните и глобалните мрежи на теоретски знаења и пракса во функција на создавањето и примената на правото;
- Следење на новитетите во областа на споредбеното право и дисеминација на соодветните информации низ процесот на перманентно образование;
- Поттикнување на научно-истражувачката работа на студентите;
- Соработка при изведувањето на наставните програми со образовните установи на регионално ниво, хармонизација на програмите во европскиот простор и други видови соработка на меѓународно рамниште.

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА

Факултетот за информатика како дел од Европскиот универзитет Скопје беше акредитиран во јуни 2005 година. Задачите што треба да ги извршува Факултетот за информатика се повеќеслојни. Тој подготвува дипломирани инженери по информатика со познавања од областа на бизнис информтика, програмирање, системско инженерство, компјутерски мрежи и комуникации, бази на податоци, мултимедија и компјутерска графика. Потребата од вакви кадри е евидентна не само кај нас, туку во сите земји од светот.

Одржувањето на кадровската екипираност на Факултетот и подобрувањето на уписот на нови студенти беа најзначајните задачи оваа академска година. Во идниот едногодишен период треба да се подобри покриеноста на наставата со избрани наставници и асистенти.

Факултетот има значајна улога во ширењето на општата информатичка култура во општеството, особено во делот на примена на современите дигитализирани образовни технологии. Активностите на Факултетот за информатика се спроведуваат во согласност со законот за високото образование. Факултетот обезбедува:

1. Високо образование, научни и истражувачки активности;
2. Имплементација на современите меѓународни образовни трендови;
3. Соработка со високо-образовни институции во земјата и во странство;
4. Квалитетна евалуација според меѓународни стандарди;

Целта е да обезбеди квалитет во образованието еднаков на најдобрите образовни институции во Европа и во светот, каде студентите се подготвуваат успешно да се инкорпорираат во високо конкурентната и постојано променлива бизнис околина.

2.4 НАСТАВА И БРОЈ НА СТУДЕНТИ НА ЕДИНИЦИТЕ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ

Првиот циклус на студии за академската 2024/2025 година трета и четврта студиска година се реализираше според Четиригодишна наставна програма (4+1) за насоките Финансии, Бизнис менаџмент и Маркетинг, за кои Одборот за акредитација и евалуација на високото образование донесе соодветни решенија за акредитација.

Вториот циклус на студии за академската 2024/2025 се реализираше според едногодишна наставна програма (4+1) за насоките Финансии, Бизнис менаџмент и Маркетинг, како и според едногодишна наставна програма за здравствен и фармацевтски менаџмент (4+1) за кои Одборот за акредитација и евалуација на високото образование донесе соодветни решенија за акредитација.

Со завршувањето на вториот циклус на студии студентот се стекнува со звање **Магистар по економски науки**, од областа на финансии, бизнис менаџмент, маркетинг или од областа на здравствен и фармацевтски менаџмент.

Во продолжение се дадени Студиските програми за вториот циклус едногодишни студии по насоки: Финансии, Бизнис менаџмент, Маркетинг и Здравствен и фармацевтски менаџмент за академската 2024/2025 година:

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН

Наставата на Факултетот во 2024/25 се реализираше според акредитираната наставна програма од **2018** година за четврта година прв циклус, и се одвиваше според распоредот по предмети поделена за сите професори и асистенти кој професионално ја спроведоа во форма на предавање и вежби. Сите наставници и асистенти имаат распоред на предмети и број на часови во текот на годината, во зимскиот и летниот семестар. Во предметната академска година, наставата за прв циклус се одвиваше по студиската програма на четиригодишни студии, а наставата за втор циклус во програмата 3+2 и 4+1 по принципот на консултации. Наставата се одвиваше со физичко присуство, а работата се спроведуваше од просториите на универзитетот.

Во учебната 2024/2025 година се изведуваше настава во прва, втора, трета и четврта година, (од циклусот запишани студенти од четири годишната програма), и **втор циклус** на студии, (според модулот 4+1 и 3+2).

Студиските програми на Факултетот за арт и дизајн беа организирани според Европскиот кредит -трансфер систем, што значи дека секој студент се оценува со број на кредити. За секој наставен предмет студентот може да добие максимум **100** поени.

За стручно-уметничките предмети: 60 за успешно положени колоквиуми (2 колоквиуми по 30 поени со изработка на вежби, домашни задачи, колоквиумски тест / колоквиумска задача), **20** за присуство на предавања и вежби организирани во текот на семестарот, **10** за активности, и **10** за самостоен креативен израз.

За теориските предмети: 60 за успешно положени колоквиуми (2 колоквиуми по 30 поени со колоквиумски тест / колоквиумска задача), **20** за присуство на предавања и вежби организирани во текот на семестарот, **20** за изработка на стручен труд + презентација.

Организацијата и спроведувањето на наставата на Факултетот за арт и дизајн во академската **2024/2025 година** се одвиваше според Глобалниот календар на активности

Во академската **2024/25** тековно во сите четири години на студиската програма „Арт и дизајн“ **прв циклус студии** на факултетот за арт и дизајн студираа вкупно **92** студенти од кои одделно студираа во:
Прва година - 11
Втора година – 9
Трета година – 40
Четврта година – 32

Академската **2024/2025** година започна на **1 октомври 2024** година и траеше до **30 септември 2025** година. Наставата за првиот циклус студии започна на **01.10**.**2024** година и се реализираше во два семестри. Првиот (зимски) семестар траеше од **1.10.2024** до **17.01.2025,** а вториот (летен) семестар од **17.02.2024 до 30.09**.**2025**. Во академската **2024/25** на **втор циклус студии** на Факултетот за арт и дизајн тековно студираа 2 студенти на **модул 4+1** Графички и Ентериер дизајн, и 3 студенти на **модул 3+2** студиска програма „Арт и дизајн“ 5-та година на студии. Дел од студентите што ги имаат ислушано предметите во претходните академски години работат на своите магистерски трудови. Беше одбранет магистерскиот труд на студентот по моден дизајнд Александар Чавкароски. Студентот Александар Чавкароски беше ангажирани како демонстратори на првиот циклус студии.

Традиција е на Факултетот за арт и дизајн да гостуваат голем број истакнати професионалци од областа на уметноста и дизајнот, кои имаат свои предавања пред студентите. Според членот 181 од Законот за високо образование (8.05.2018) афирмираните научници, уметници и стручњаци, по покана, можат да изведуваат настава за одделни делови од наставен предмет. Во академската 2024/25 година се одржаа неколку гостувања за сите студенти, во зимскиот и летниот семестар.

Гостување на Наталија Лукомска, наградувана илустраторка и графичка дизајнерка
14 мај 2025

Предавањето на Наталија Лукомска, кое беше во организација на проф. д-р Гордана Вренцоска, се одржа пред повеќе студенти од сите години и пред наставниот кадар на ФАД. Таа за студентите го претстави своето творештво во рамки на визуелните идентитети на фестивали и културни настани, графичкото обликување на книги, и илустрациите на книги за деца. Наталија зборуваше за својот процес на креирање, за инспирациите и за соработката со писателите.

Нејзиниот препознатлив графички стил и креативната слобода го ценат и издавачите и читачката публика. Веќе има добиено и неколку награди за своите дела, меѓу кои и наградата за најдобро ликовно-графичко уредено издание на МАИ, доделено на последниот Саем на книгата.




Гостување на проф. м-р Крсте Господиновски, редовен професор на „Универзитетот за аудиовизуелни уметности – ЕФТА“ каде што говореше за предмети од областа на анимацијата со нашите студенти.
05 мај 2025






Гостување на Елена Ставреска, ликовна уметница, дизајнерка на накит.

На предлог на проф. м-р Јана Манева – Чупоска беше поканета уметницата Елена Ставреска која на студентите го претстави своето творештво во рамки на визуелната уметност и креирањето на накит со техниката филигран.





➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА

Студиската програма на Факултетот за дентална медицина се спроведува во согласност со Законот за високо образование, Статутот на универзитетот и Правилниците на универзитетот.

Академските студии од интегрираните студии од прв и втор циклус на Факултетот за дентална медицина при ЕУ Скопје се во трење од десет семестри, а се вреднувани со вкупно 300 ЕКТС бода, односно секој семестар е вреднуван со 30 ЕКТС бода.

Стручни студии на прв циклус за забни техничари при Факултетот за дентална медицина се во трење од шест семестри, а се вреднувани со вкупно 180 ЕКТС бода, односно секој семестар е вреднуван со 30 ЕКТС бода.

Уписот на студенти на Факултетот за дентална медицина и Стручните студии на прв циклус за забни техничари се врши по претходно објавен Конкурс за упис во кој детално се прецизирани условите за запишување и роковите за запишување на студенти.

Во академската 2024/2025 година на Факултетот за дентална медицина се запишаа вкупно 159 студенти од кои: 130 на Факултетот за дентална медицина и 29 на Стручните студии на прв циклус за забни техничари.

Прегледот на запишани студенти по години е следен:

Насока дентална медицина:

1. Во прва година: 5 македонски+8 странски=13 студенти
2. Во втора година: 9 македонски+4 странски=13 студенти
3. Во трета година: 26 македонски+16 странски=42 студент
4. Во четврта година: 24 македонски +3 странски =27 студенти
5. Во петта година: 30 македонски +5 странски=35 студенти

Насока забни техничари:

1. Во прва година: 4 студенти
2. Во втора година: 5 студенти
3. Во трета година: 20 студенти

Наставата се реализира низ разни облици на активна, интерактивна настава (теоретска настава, практична настава која се обавува на модели и експериментални

животни, семинарски трудови, проектни задачи, есеи, дискусии и др.) и клиничка настава на пациенти.

Оценувањето на студентите е според Европскиот кредит - трансфер систем. За да се овозможи оптимално правилно вреднување на студентот воведена е редовна евиденција на секој наставен час и континуирано оценување според правилникот за оценување.

Според Правилникот за оценување за предметите кои немаат претклиничка или клиничка апликативна практична настава студентот може да добие најмногу до 20 поени за редовност и активност на предавањата организирани во текот на академската година, најмногу до 10 поени за изработен стручен труд, најмногу до 10 поени за презентација на изработениот стручен труд и од најмалку 36 до најмногу 60 поени за успешно положени два колоквиуми.

За предметите кои по својата програма имаат задолжителна претклиничка или клиничка апликативна практична настава студентот може да добие најмногу до 12 поени за присуство на предавањата организирани во текот на академската година, најмногу до 3 поени за активност, од најмалку 12 до најмногу 20 поени за теоретска подготвеност и спремност за практичната настава и успешност во изработување на сите фази на изработките предвидени со програмата за практична настава. Теоретската подготвеност се оценува со најмалку 27 до најмногу 45 поени за успешно положени тестови на два колоквиуми и завршен испит до 20 поени.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина при ЕУ Скопје, утврдени се одредени предмети од предметната студиска програма, за кои да се полага завршен испит.

Завршен испит е истовремен практичен и усмен испит кој има за цел да му даде можност на наставникот да го оцени вкупното ниво на знаење со кое се стекнал студентот, во однос на: теоретска подготвеност, стручна компетентност, мануелна вештина, професионалност, комуникативност и др. Завршниот испит го спроведува наставникот.

Кредитите за овие предмети се доделуваат откако студентот успешно ќе го положи завршниот испит.

Во оваа академска година на Факултетот за дентална медицина дипломираа 30 студенти на студиската програма "Дентална медицина"и 10 студенти на студиската програма" Забни техничари".

Практична настава на студентите

Претклиничката практична настава по стручните стоматолошки предмети се реализира во сопствените лаборатории на Факултетот, кои се опремени со сите потребни апарати и средства за моделирање со гипс и восок, уреди за светлосна полимеризација, како и комплетен материјал и прибор за изработка на тотални акрилатни протези и дентални реставрации.

Практичната настава по претклиничките (институтски) општо медицински предмети се изведува во лаборатории опремени со соодветни апарати, инструменти и материјали неопходни за реализација на вежбите, како и со бројни визуелни и електронски надгледни средства.

Клиничката практична настава од областа на стоматологијата се изведува на клиниките во ПЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Проф. д-р Бојо Андревски“ – Скопје.

Техничката опременост и професионалната ангажираност на вработените на Факултетот за дентална медицина и на ПЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Проф. д-р Бојо Андревски“ во целост им овозможуваат на студентите самостојно

да ја совладаат предвидената наставна програма и да се стекнат со потребните мануелни вештини. Ова, во комбинација со континуираниот практичен ангажман, овозможува квалитетно и ефикасно студирање, кое дополнително придонесува за создавање професионално подготвени и квалитетни доктори по дентална медицина.

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА

Наставата на Факултетот за детективи и криминалистика подразбира успешно реализирање на наставната програма 2024/2025 предвидена и акредитирана од Одборот за акредитација на високото образование и Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Наставата се одвиваше според претходно усвоен распоред за предавања и вежби според семестри од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот за прв и втор циклус студии.

[11] Nora Pireci Sejdiu, Zoran Kotevski, Blagoj Ristevski, Kostandina Veljanovska, Latest Advances in Video Indexing and Retrieval, Proceedings of 13th International Conference on Applied Internet and Information Technologies AIIT 2023, 13 October, 2023, Bitola, pp. 201-206.

[12] Ilker Ali, Aybeyan Selim, Blagoj Ristevski, Sonja Mančevska, Exploring the Impact of Pair Programming on Student Achievement: A Comparative Analysis, Proceedings of 13th International Conference on Applied Internet and Information Technologies AIIT 2023, 13 October, 2023, Bitola, pp. 228-235.

		[13] Valmir Sinani, Blagoj Ristevski, Data Mining and Big Data Analytics Using Accelerate Data, Proceedings of 13th International Conference on Applied Internet and Information Technologies AIIT 2023, 13 October, 2023, Bitola, pp. 244-252. [14] Anita Petreska, Sasho Nikolovski, Blagoj Ristevski and Zaklina Cagoroska, Multifactorial ML approach for early cardiovascular disease detection, 21th International Conference on Informatics and Information Technologies CIIT 2024 April, 19-20 2024, Strumica (to be published). .
4	Југослав Ачковски, Невена Серафимова	1.Ачкоски Југослав, Зоран Ристевски (2023) УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНАТА ЕФИКАСНОСТ СО ВЕШТАЧКА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА: ИНОВАЦИИ И ПРЕДИЗВИЦИ. МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА ТИКВЕШКИ ПРАВНИЧКИ ДЕНОВИ – 2023, Септември,, 2023. Северна Македонија. 2. Serafimova, N., & Achkoski, J. (2023). Optimising early wildfire detection with wireless communication technologies. International Journal of Emergency Management, 18(4), 380-401. 3. IT Infrastructure Analysis Diagram, ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност, Европски Универзитет Скопје, 2024.

5. СТРУЧНО - УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН

Во академската **2024/25 година** ФАД имаше значаен број на активности и стручно-уметнички проекти во рамките на наставната програма и вон-наставни активности. Оваа година не се реализираше Годишната изложба заради немањето на соодветни услови во периодот на завршување на наставата во летниот семестар, кога и традиционално се одржува изложбата. Факултетот за арт и дизајн сепак е препознатлив по претставување на студентските трудови на различни начини и учества на конкурси и настани од областа на дизајнот.

Посета на изложби во музеи и галерии

Посета на јубилејната изложба **„90 години од раѓањето на Стефан Маневски'' во Даут пашин амам (Национална Галерија на Македонија)** и на изложбата **„Пресек'' во Остен Галерија** организирана од млади уметници на македонската ликовна сцена.



Посета на на изложбата „80 ГОДИНИ ОСТЕН БИЕНАЛЕ НА ЦРТЕЖ'' во Чифте Амам (Национална Галерија на Македонија).



Реализација на проект со здружението „Заедно посилни“, студентска изложба и аукција (Кафе бар МАКА), аукција и втора изложба (ЕУ Инфо центар) 1.12.2024/16.04.2025

Делата на студентите од четврта година – модул за графички дизајн на Факултетот за арт и дизајн беа создадени за добротворниот настан по повод Светскиот ден на СИДА, во организација на здружението „Заедно посилни“. Настанот се одржа во МАККА Бар на 1 декември 2024. Оваа активност на студентите се спроведе во практичниот дел на предметот Графички дизајн 1, како задача за предизвик од реалниот свет со наслов: „Дизајн на графички решенија за подигнување на свеста, солидарност кон луѓето кои живеат со ХИВ/СИДА.“ Ментор на задачата беше проф. д-р Гордана Вренцоска, а надворешен соработник на проектот беше м-р Ана Трајковска.

Во изложбата учествуваа студентите: Калина Фиона Милошевска, Стефанија Владева, Леонардо Тодоровски, Елена Ивановска, Адријан Зарески, Мартин Галабов, Матеј Митески, Ангел Ѓоргијоски, Марија Николова, Емилија Спасовска, Михаела Десковска, Петар Новковски, Калина Оцевска, Марија Токова, Леонид Трајановски, Леонтина Маравиќ, Елена Цинцовска, Борис Матески.

Панел дискусија и изложба на истите 20 дела изработени од студентите се одржа во Europe House Skopje на 16 април 2025. Настанот, кој е во организација на здружението „Заедно посилни“, беше посветен на општото сексуално здравје кај младите и ХИВ.
На сите учесници во проектот им беа доделени благодарници.

Учество на Интернационална конференција за дигитализација на креативните сектори во високото образование
03.04.2025

На покана на УМПАКИ Скопје, проф. д-р Гордана Вренцоска и студентот Петар Новковски од Факултетот за арт и дизајн учествуваа во Меѓународната конференција за дигитализација на креативните сектори во високото образование, која се одржа во Нетавил, Скопје.

На конференцијата беа претставници од високообразовни институции од земјата и странство, приватниот сектор, Министерството за образование и наука, Министерството за дигитална трансформација, Агенцијата за квалитет во високото образование, проектни партнери, студенти.

Проф. д-р Гордана Вренцоска и студентот Петар Новковски зборуваа на панел дискусијата која беше посветена на предизвиците при дигитализацијата на креативните сектори во високото образование – со фокус на промените во академските методологии, наставните програми, инфраструктурата, подготвеноста на наставниот кадар, перспективата и потребите на студентите, а се во насока на намалување на јазот помеѓу високото образование и индустријата.






Реализација на соработка со Ајдин универзитетот во Истанбул, во рамки на Меѓународното студентско уметничко биенале.
12 мај 2025

Студентите Ѓорѓи Гошев и Марија Роглева, трета година на Факултетот за арт и дизајн учествуваа со свои дела уште од првото издание во 2021 година. **Проф. д-р Гордана Вренцоска** беше член на меѓународната комисија за селекција на дела.





<u>УЧЕСТВО ВО ИЗЛОЖБА „МЛАДИНСКИ ПРОЛЕТЕН САЛОН“</u>

<u>05.2025</u>

На покана на Националната галерија, неколку студенти учествуваа во традиционалната изложба XVI Младински пролетен салон на тема „ВОДАТА КАКО ИМПЕРАТИВ" во Мала станица. Во селекцијата на дела се вклучија проф. д-р Јана Манева Чупоска, проф. м-р Благојче Наумоски и м-р Александар Рашковиќ.

Студентката Марија Роглева од трета година, модул -моден дизајн на Факултетот за арт и дизајн под менторство на м-р Александар Рашковиќ ментор за модна пракса, освои второ место каде што за прв пат во овие 16 години на овој салон беше претставена модна креација.





Учество и награда на студентката Марија Роглева на конкурсот за млади модни дизајнери „Пјер Карден“

Студентите по моден дизајн учествуваа на конкурсот на куќата Пјер Карден по иницијатива на проф. д-р Гордана Вренцоска, а дел од нив ги разработуваа своите идејни решенија во рамки на предметот Колекција 2 кај проф. д-р Јана Манева Чупоска.

За учесник во полуфиналето на натпреварот, кое се одржа на 17. и 18. мај на работилница со дизајнерскиот тим на реномираната модна куќа во Париз, на која учествуваа 64 студенти од различни европски земји беше избрана студентката Марија Роглева. Сертификатите за учество ги додели лично претседателот на модната куќа Родриго Базиликати Карден. Патувањето на Марија во Париз беше организаирано со помош и поддршка на проф. д-р Гордана Вренцоска, Деканот на ФАД и Управниот одбор на ЕУ-СК.

Марија Роглева беше избрана да учествува во финалето, кое се одржа во Божиќниот театар во Атина, пред многубројна публика на 4 октомври 2025. За оваа ревија Марија ја реализираше својата креација под менторство на проф. д-р Гордана Вренцоска, со техничка поддршка на Гордана Божиновска.

Таа ја освои втората награда и со тоа се пласираше во петте најдобри учесници, во конкуренција на 450 пријавени студенти од повеќе европски земји. Ова е голем успех за младата дизајнерка, која го доближи Европски универзитет и нашата држава до успесите на реномираните европски школи за уметност и дизајн.

Тринаесетте финалисти се претставија со свои креации на заедничка модна ревија. Тројцата добитници на првата награда ќе остварат четиримесечна пракса во студиото на Пјер Карден во Париз. Втората награда, која ѝ беше доделена на Марија и на уште еден учесник, се состои од статуетка и диплома. Наградите на добитниците им ги додели лично Родриго Базиликати – Карден, претседател на групацијата Пјер Карден.

Во Атина Марија Роглева ја придружуваше проф. д-р Гордана Вренцоска. Тие имаа прилика да поразговараат со претседателот на куќата Карден, и да му се заблагодарат за можноста и поддршката што оваа компанија им ја дава на младите модни дизајнери.

Проф. Вренцоска подготви три медиумски известувања во текот на натпреварот, кои беа објавени во многу медиуми во земјава. Гостувања и интервјуа се реализираа на Сител, Канал 5, Телма, Црно-бело, Вечер, Слободен печат, Умно и други медиуми.







„19. ПРИКАЗНА НА ФАД'' – Одбележување на крајот на наставата во Академската 2024/2025 година на Факултетот за арт и дизајн
3 јуни 2025

Настанот се реализираше во Лабораториум на 3 јуни 2025, последниот ден од наставата / завршната колоквиумска недела на Академската 2024 / 2025 година.
Во склоп на настанот имаше и мини модна ревија на студентите од Моден дизајн.

Раководител: Декан. проф.м-р Благојче Наумоски.
Координатори: проф. д-р Гордана Вренцоска, проф. д-р Јана Манева – Чупоска, проф, доц. м-р Никола Узуновски, проф. д-р Иванка Апостолова, Проф. м-р Страхил Петровски, Проф. м-р Елена Филиповска, асс. м-р Славица Танеска. Надворешен соработник: Ана Трајковска, Александар Темелковски.
Техничка поддршка: Викорија Andonova. Учесници: студенти од Факултетот за арт и дизајн.

Фотографии од настанот беа објавени на социјалните мрежи на Европски универзитет.




<u>УЧЕСТВО НА ИЗЛОЖБАТА „ПРОФЕСОРИ И СТУДЕНТИ“ ВО МКЦ</u>
<u>17 – 30 јуни 2025</u>

Во организација на Младинскиот културен центар Скопје, на 17 јуни се отвори изложбата „Професори - студенти“. Во неа земаа учество повеќе универзитети и факултети за ликовна уметност и дизајн кои се претставени со уметнички дела создадени од професорите и нивните студенти.

Од Факултетот за арт и дизајн учествуваа: проф. д-р Гордана Вренцоска, проф. д-р Јана Манева Чупоска, проф. м-р Благојче Наумоски, проф. м-р Александар Рашковиќ, асс. м-р Славица Танеска, м-р Ана Трајковска и група студенти од прва, трета и четврта година: Петар Новковски, Петар Паумов, Стефанија Владева, Меланија Стојановска, Исабелле Спасовска, Марија Роглева, Ангела Трајковска, Евгенија Далческа, Матеја Јанковиќ и Анет Вртеска.

За изложбата беше отпечатен богат каталог во боја, и имаше одличен одзив во јавноста.





6. ПРАКТИЧНА РАБОТА НА СТУДЕНТИТЕ

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ

Врската меѓу теоретските познавања и практиката веќе повеќе години се воспоставува преку Центарот за кариера кој им обезбедува практична работа на студентите во реномирани компании и институции. Исто така, студентите, преку клиничката настава, имаат можност директно да добијат информации од познати и признати експерти од областа.

Во продолжение следува Извештајот за практичната работа на студентите и активностите на Центарот за кариера за академската 2024/2025 година, подготвен од Лектор м-р Марија Драговиќ.

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРАКТИЧНАТА РАБОТА НА СТУДЕНТИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ ПРИ ЕУРМ

Согласно најновите законски решенија за задолжителна едномесечна практика на студентите и согласно интерните акти на нашиот Универзитет, а воедно поаѓајќи од оправданоста и корисноста од обавување на практична работа на студентите, во почетокот на септември 2023 година, преку Центарот за кариера беа испратени писма до околу 50 компании, финансиски институции, министерства, државни установи и приватни компании. Најчесто практикуван облик на комуникација со компаниите и организациите беше доставувањето на писма, телефонски и електронски комуникации, посета на некои од овие организации и други форми на соработка и комуникација.

Контактираните институции беа запознаени за нашата потреба и можност од изведување на практична обука на студентите, понудени беа контакти со нашиот Факултет за економски науки и беа замолени во најкраток можен рок да одговорат за нашата понуда и молба и да се идентификуваат организационите делови, односно лицата со кои ќе се одвива комуникацијата во текот на целата академска 2024/2025 учебна година.

На списокот од фирми и институции се најдоа речиси сите потенцијални установи од кои нашите студенти можат содржински, регуларно и квалитетно да ја изведуваат практичната работа.

Во текот на академската 2024/2025 година, студентите покажаа висок степен на заинтересираност за изведување на практичната обука и тоа низ повеќе форми: со пријавување во центарот за кариера, со самоиницијативност за наоѓање на институции во кои би ја изведувале практичната работа, со уредно исполнување на административните работи, како што се добивањето упатница, оправдувањето за отсуството од настава и вежби, со документирање за изведената практична обука и препорака за нивно идно вработување.

Според информациите со кои располагаа студентите за изведување практична работа во текот на учебната 2024/2025 година во Центарот за кариера при Факултетот за економски науки се пријавиле (и во согласност со можностите за прифаќање од страна на компаниите и институциите, а според нивните конкретни одговори и договарање со Центарот за кариера) практична обука обавиле вкупно 15 студенти. Практична работа најчесто се изведувала во банки, фирми, консалтинг и маркетинг агенции, сметководствени бироа, финансиски организации, државни институции итн. Согласно пропишаната

постапка за обавување на пракса, сите институции во кои студентите изведуваа практична обука на практикантите им издадоа валидни потврди за времето во кое ја изведувале практиката, што беше основа за регулирање на отсуствата на студентите од наставата и вежбите.

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН

Врската меѓу теоретските познавања и практиката веќе повеќе години се воспоставува преку Центарот за кариера кој им обезбедува практична работа на студентите во реномирани компании и институции. Студентите имаат можност директно да добијат информации од познати и признати експерти од областа. Ваквите форми на едукација овозможуваат стекнување на искуства надвор од задолжителната студиска програма која ја спроведува Факултетот за арт и дизајн. Во академската 2024/25 година продоложи соработката со неколку партнери кои ги отвориј вратите на нашите студенти за стажирање и стекнување на практично искуство.

Во текот на учебната 2024/2025 година на Факултетот за арт и дизајн пракса посетуваа студенти од различни години, за кои веќе таа не е задолжителна. За да се избегне преклопување на праксата со посетувањето на редовната настава, најголем дел од студентите го користат летниот распуст за посетување на праксата. Фирмите во кои се спроведува праксата се дел од соработничката мрежа на факултетот како и лични контакти на студентите. Дел од фирмите во кои се реализира праксата се: Елена Лука (Скопје), Ирина Тошева (Скопје), ИнтерМебел (Струмица), Поинтер (Скопје), Галерија Остен (Скопје), ВИА Маркетинг (Скопје), Академија Леонтиќ и други.

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА

Претклиничката практична настава по стручните стоматолошки предмети се реализира во сопствените лаборатории на Факултетот, кои се опремени со сите потребни апарати и средства за моделирање со гипс и восок, уреди за светлосна полимеризација, како и комплетен материјал и прибор за изработка на тотални акрилатни протези и дентални реставрации.


Практичната настава по претклиничките (институтски) општо медицински предмети се изведува во лаборатории опремени со соодветни апарати, инструменти и материјали неопходни за реализација на вежбите, како и со бројни визуелни и електронски надгледни средства.

7. КЛИНИЧКА НАСТАВА

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА

Клиничката практична настава од полето на стоматологијата се изведуваа во ПЗУ-Универзитетски стоматолошки клинички центар „ПРОФ. Д-Р БОЈО АНДРЕСКИ" Скопје.

Техничката опременост и ангажираноста на сите вработени на Факултетот за дентална медицина и ПЗУ-Универзитетски стоматолошки клинички центар „ПРОФ. Д-Р БОЈО АНДРЕСКИ" Скопје, во потполност му овозможуваат на секој студент самостојно да ја совлада предвидената програма и да се стекне со потребните мануелни вештини, а сето тоа ќе овозможи квалитетно и ефикасно студирање што ќе доведе до продукција на квалитетни доктори по дентална медицина.



8. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во академската 2024/2025 година, универзитетот оствари значајна меѓународна соработка која во основа беше насочена кон привлекување на странски студенти од повеќе земји во светот.

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН

Меѓународната соработка се одвиваше претежно преку учества на меѓународни изложби, семинари, конференции и други настани. Продолжија контактите и соработката со странските амбасади и институти во земјава. Еразмус+ мобилности, од Факултетот за арт и дизајн беше реализирана со студентката Хајат Сулооџа, четврта година на насоката Дизајн на ентериер при Факултетот за арт и дизајн, каде што оствари престој на Ондокуз Мајис универзитетот во градот Самсун во Турција. Престојот е во рамки на програмата Еразмус+ за студентска пракса, што ѝ овозможи на Хајат да биде дел од асистентскиот кадар на Универзитетот, на насоката Внатрешна архитектура при Архитектонскиот Факултет.

Таа беше избрана и за една од раководителите на работилницата „Скица во музеј“ што се одржа во музејот Самсун. Планирано е и да одржи предавање на тема „С. Македонија - архитектура и култура“.

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА

Факултетот за дентална медицина е во континуирана соработка со факултетите за дентална медицина во Република Северна Македонија, а во меѓународни рамки има воспоставено билатерална соработка, поткрепена со соодветни договори, со Факултетите за стоматологија при:

- Бируни Универзитетот од Истанбул, Турција,
- Медицинскиот Универзитет во Пловдив, Бугарија,
- Акдениз Универзитетот во Анталија, Турција.

Во тек се разговори за воспоставување нови форми на меѓународна соработка со други странски високообразовни институции.

Факултетот за дентална медицина при Европски Универзитет – Скопје остварува соработка и со факултети од други европски универзитети преку договорите склучени на ниво на Универзитетот.

Во текот на академската 2024/2025 година се реализираше програмата Erasmus+ KA131, која покажа највисок степен на интерес и учество токму од страна на студентите на Факултетот за дентална медицина.

Успешно беше реализирана практична мобилност на:

- **4 студенти** во Истанбул, Турција,
- **1 студент** во Падова, Италија.

На повикот за мобилност во ноември 2024 година се пријавија вкупно **13 студенти** од Факултетот за дентална медицина.

Во периодот од **05 до 09 мај 2025 година**, проф. д-р Маријана Мирческа од Факултетот ја реализираше мобилноста на наставен кадар во рамките на програмата Erasmus+ на Zonguldak Bülent Ecevit Üniversitesi, Република Турција. За време на престојот, проф. д-р Мирческа се запозна со начинот на реализација на практичната и теоретската настава, како и со условите во кои студираат студентите на стоматологија во оваа установа.

Беа остварени официјални средби со деканот и продеканите на Факултетот, при што се дискутираше за сличностите и разликите во високото образование помеѓу двете држави, како и за можностите за натамошна соработка. Во рамките на мобилноста беа реализирани и средби со директорот на Стоматолошката клиника, заменик-директорот на Институтот за здравје и науки и деканот на Факултетот за наука.

Во рамките на програмата за академска мобилност Erasmus+, во периодот од **23 до 25 април**, на Европски Универзитет – Скопје престојуваше проф. **Sevinc Aktemur Turker**,

продекан на Стоматолошкиот факултет при Zonguldak Bülent Ecevit University, Република Турција.

За време на нејзиниот престој беа разменети искуства со цел продлабочување на меѓусебната академска соработка. Беа остварени средби со Деканот на Факултетот за дентална медицина при Европски Универзитет – Скопје, како и со наставниот кадар, со посебен акцент на размена на искуства од областа на наставниот процес во високото образование, како и дискусии за сличностите и разликите во организацијата и реализацијата на наставата помеѓу двете институции.

- **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ**

Дел од наставничкиот и соработничкиот кадар учествуваше на меѓународни семинари, во повеќе различни својства. Учеството на меѓународни семинари во секој случај придонесува за етаблирање и промоција на Факултетот за правни науки и Европски универзитет Скопје во поширок размери, како и за усовршување на наставниот и соработничкиот кадар, што во крајна линија, повторно оди во полза за самата институција, бидејќи квалитетот на кадарот е битен фактор при одлучувањето на кандидатите на кој универзитет ќе го продолжат своето образование.

9. ПРОМОЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ

Факултетот за економски науки, заедно со другите факултети во рамките на Европскиот универзитет користи повеќе алатки за сопствена промоција.

Еден од начините за промоција и поинтензивна размена на информации со студентите и сите заинтересирани корисници е **веб страницата: eurm.edu.mk**. На страницата се презентирани активностите на Универзитетот. На страницата можат да се најдат информации за акредитациите на програмите, правилниците и законите за студирање, издадени публикации, галерии и видео презентации. Студентите, преку веб страницата можат да се запознаат со студиските програми, наставничко-соработничкиот кадар, календари и распореди за настава, вежби, колквиуми, испити. Заинтересираните студенти, вклучително и странски, лесно можат да пристапат кон условите за студирање, објавените конкурси, обуките кои ги нуди Универзитетот.

На социјалните мрежи, Европскиот универзитет е присутен на **Facebook, Twitter, Youtube.**

Наставничко-соработничкиот кадар на Факултетот за економски науки го претставуваше и промовираше Европскиот универзитет во **средните училишта**, на матурантите како целна група за запишување на факултет. Во рамките на Универзитетот се формираше оделение за Маркетинг преку кое се реализираше промоцијата на Универзитетот во поголемите средни училишта во Скопје, но и во другите градови во Македонија.Учениците од средните училишта беа информирани за можностите за студирање кои ги нуди Европскиот универзитет, бројот на факултетите, наставните програми, годините на студирање, акредитацијата и валидноста на дипломите, центарот за кариера и можностите за вработување.

За промоција, во текот на оваа учебна година, се реализираа и **промотивни корпоративни активности.** Имено, промоции беа реализирани низ сите банки во општините во Скопје мали и големи компании, министерства, синдикати. Целната група беа заинересирани потенцијални студенти за втор циклус студии. Беа испратени и бројни **електронски писма** до компаниите во Македонија со презентација на условите за студирање и наставните програми.

Исто така вработените на Факултетот за економски науки редовно **дистрибуираше рекламен материјал** по домаќинствата и компаниите заради поголема видловост и промоција на Универзитетот.

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН

Промотивните активности се препознатлив начин на работа на Факултетот за арт и дизајн. Универзитетот и Факултетот за арт и дизајн беа промовирани со проектите и успесите кои се резултат на тимското работење на наставниот кадар составен од професори и асистенти. Освен проектите, тимот се вклучува и во дизајн на реклами, флаери, плакати, логоа, новогодишни честитки, активности во уписна кампања и друго.

Факултетот за арт и дизајн беше континуирано вклучена во промотивните активности, и го координираше учеството на ФАД во промоцијата на ЕУРМ, ангажираноста на дел на професори и асистенти во подготовка и дизајн на промотивни материјали, интервјуа со алумни, како и организација на настани.

- **ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА**

Промоцијата како активност е препознатлив начин на работа на Факултетот за детективи и криминалистика во една академска година. Универзитетот и Факултетот за детективи и криминалистика беа целосно промовирани со многуте активности кои се резултат на тимското работење на наставниот кадар составен од професори и асистенти. Проектите во форма на конференции, семинари и работилници се во функција на промотивни кампањи за Универзитетот.

Вработените на ФДК беа активно вклучени во реализација на Стратегијата на Европски Универзитет Скопје за промоција, при што посетија средни училишта во Скопје, дел од внатрешноста на државата, како и бројни министерства, правни лица и компании.

Поради ваквиот начин на промоција со сите горенаведени предходни форми на презентација, Факултетот за детективи и криминалистика го градеше својот позитивен имиџ и стана препознатлив во јавноста.

- **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА**

Факултетот за информатика активно партиципираше во сите промотивни активности за упис на нови студенти. Вработените на Факултетот за информатика беа активно вклучени во реализација на Стратегијата на Европски Универзитет Скопје за промоција, при што посетија средни училишта во Скопје, дел од внатрешноста на државата, како и бројни министерства, правни лица и компании.

- **ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА**

Факултетот за дентална медицина активно партиципираше во сите промотивни активности за упис на нови студенти. Вработените на Факултетот за дентална медицина беа активно вклучени во реализација на Стратегијата на Европски Универзитет Скопје за промоција, при што посетија средни училишта во Скопје, дел од внатрешноста на државата, како и бројни министерства, правни лица и компании.

- **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ**

Факултетот за правни науки активно партиципираше во сите промотивни активности за упис на нови студенти. Вработените на Факултетот за правни науки беа активно вклучени во реализација на Стратегијата на Европски Универзитет Скопје за промоција, при што посетија средни училишта во Скопје, дел од внатрешноста на државата, како и бројни министерства, правни лица и компании.

10. АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИЦИТЕ И СОРАБОТНИЦИТЕ

Активностите на наставничкиот и соработничкиот кадар на универзитетот се одвиваа во согласност со студиските програми, обврските кои произлегуваат од нив и одлуките на надлежните органи во рамките на универзитетот (Универзитетски сенат, Ректорска управа и Наставно-научните совети на факултетите).

Во изведувањето на наставата дел од наставниците покриваа настава на други факултети во рамките на универзитетот.

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН

Главната активност на наставниците и соработниците во текот на учебната **2024-2025 година** беше поврзана со реализација на наставата. Наставата е организирана со изведување на предавања и вежби по соодветните предметни содржини, а полагањата на студентите се организирани преку два колоквиума во зимскиот семестар и два колоквиума во летниот семестар. Во текот на академската година се реализираат вкупно четири колоквиума. На тој начин, наставната материја се презентира во етапи и така се прифаќа од страна на студентите, со што се нагласува етапното совладување на проблематиката по секој предмет одделно. Се спроведуваат и испитните сесии во текот на целата академска година, а значаен дел од работата се и менторствата за дипломски и магистерски трудови.

Исто така, наставниот кадар на Факултетот за арт и дизајн, покрај обврските кон наставата и вон-наставните активности се ориентира и кон научно-истражувачките сфери, стручно-уметничките проекти на ФАД, индивидуалното творештво презентирајќи се со самостојни и групни изложби, учество во ликовни колонии, проекти поврзани со дизајнот, надворешни предавања, семинари, неформално образование и сл. Со ваквиот начин на делување на наставниот кадар на Факултетот за арт и дизајн се поврдува нивниот професионален рејтинг во практиката на професијата и одговорното потврдување како професори и соработници со препознатлив уметничко-дизајнерски идентитет.

РЕД. ПРОФ. Д-Р ГОРДАНА ВРЕНЦОСКА

НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Предмети
Прв циклус: Методологија на дизајнирање, Основи на моден дизајн, Ликовно обликување во дизајнот, Графичка илустрација, Дизајн на плакат, Визуелни комуникации, Графички дизајн 1 и Дизајн концепт.
Втор циклус: Графички дизајн А, Дизајн синтеза, Методологија на истражување.

Менторства (дипломски /магистерски)
Ментор на дипломски труд на Кристина Лалева, предмет: Дизајн на плакат
Ментор на дипломски труд на Иван Шилинов, предмет: Дизајн на плакат
Ментор на дипломски труд на Ана Димковска, предмет: Визуелни комуникации
Ментор на дипломски труд на Магдалена Јованова, предмет: Визуелни комуникации
Ментор на дипломски труд на Ана Тошевска, предмет: Графичка илустрација
Ментор на дипломски труд на Мона Богдановска, предмет: Графичка илустрација
Ментор на дипломски труд на Емилија Пејоска, предмет: Визуелни комуникации
Ментор на дипломски труд на Ивана Стојановска, предмет: Визуелни комуникации

Ментор на дипломски труд на Магдалена Костеска, предмет: Визуелни комуникации
Ментор на дипломски труд на Круме Цуркоски, предмет: Визуелни комуникации
Ментор на дипломски труд на Леонардо Тодороски, предмет: Графички дизајн 1
Ментор на дипломски труд на Елена Цинцовска, предмет: Визуелни комуникации
Ментор на дипломски труд на Елена Ивановска, предмет: Визуелни комуникации
Ментор на дипломски труд на Росана Крстева, предмет: Визуелни комуникации
Ментор на дипломски труд на Матеј Милески, предмет: Дизајн на плакат
Ментор на дипломски труд на Филип Китанов, предмет: Дизајн на плакат
Ментор на дипломски труд на Емилија Спасовска, предмет: Графичка илустрација
Ментор на дипломски труд на Петар Новковски, предмет: Графички дизајн 1

Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Ивона Паноска
Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Адријан Зарески

Ментор на магистерски труд на Александар Чавкароски, 4+1 Моден дизајн

Проекти на ФАД:

-Координација и менторство на проект со здружението „Заедно посилни“, студентска изложба (Кафе бар МАКА), аукција и втора изложба (ЕУ Инфо центар).
-Организација и менторство на учеството на студентката Марија Роглева на Конкурс за млади модни дизајнери „Пјер Карден“, за полуфинална работилница во Париз, финална модна ревија во Атина.
-Менторство на студентите од втора година за дизајн на идејно решение за плакат за Годишната изложба 2024/25 „19. Приказна“, во рамки на предметот Дизајн на плакат.
-Учество во организација на Годишна изложба на ФАД „19. приказна“, пропратена со мини модна ревија, јуни 2025, Лабораториум.
-Учество во Годишна изложба „Професори и студенти“ во Младински културен центар, изложба на дела од професори и студенти од сите уметнички факултети во Македонија, јуни 2025.

Посета на изложби/манифестации:

-Посета со студентите на изложби во Музеј на современа уметност, Чифте Амам, Даут пашнин амам, Младински културен центар, Културно-информативен центар, Моден викенд Скопје и други.
-Организација на присуство на студентите на настани на Skopje Design Week, конференции и семинари на УМПАКИ.

Проекти на ЕУ-СК
-Организација на конкурс за Новогодишна честитка за Европски универзитет.

Промотивни и други активности на ЕУ-СК
-Дизајн на корица за меѓународно научно списание „ИДЕЈА“ бр. 15 и 16.
-Дизајн на промотивни материјали за уписна кампања - леток.
-Подготовка на медиумски објави – текстови и селекција на фотографии за повеќето спроведени проекти, настани и достигнувања на ФАД за социјалните мрежи и медиуми.

2.НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ
Учество во научни конференции и семинари

-Говорник на дебатната сесија „NEXT GEN DESIGN – можности за младите дизајнери од Европа“ на Skopje Design Week, ноември 2024.

-Говорник на 4-ти Меѓународен форум за креативни индустрии, на тема „Иновативноста и креативноста како капитал во креативната економија“, учесник во панел дискусијата „Универзитетите (и другите засегнати страни) и нивната улога во развојот на креативната економија“, Скопје, ноември 2024.

-Член на програмскиот одбор на Manifest'ou 1st International Art and Design Symposium, Istanbul Okan University, Faculty of Art, Design, and Architecture со наслов "Memory and Sensory Experiences: Reinterpreting Cultural Heritage through Creative Practices", март 2025

-Говорник на Меѓународната конференција за дигитализација на креативните сектори во високото образование, Нетавил, Скопје, април 2025.

-Член на Организациски одбор на 15-тата Меѓународна научна конференција на ЕУ-СК „Новата дигитална револуција во науката и уметноста“, септември 2025.

-Говорник на алумни семинарот организиран од студиската програма MA Applied Imagination (MA Design Studies), Central Saint Martins' School of Art and Design Лондон, излагање со наслов Design Leadership, Design Education, септември 2025.

3.СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Стручни собири, проекти, активности

-Стручен текст „Урбани трансформации во боја, светлина и динамичност“, за уметничката изложба на проф. м-р Благојче Наумоски.
-Член на жири комисијата за Socialize Awards 2025 – награди за дигитална креативност.
-Член на жири комисијата за Наградите на Македонската асоцијација на издавачи 2025.
-Член на меѓународниот одбор за селекција на Меѓународното студентско уметничко биенале во организација на Ајдин универзитетот од Истанбул, Р. Турција.

Групни изложби

-Избрана во 22 уметници од Македонија за претставување на источноевропската мрежа Secondary Archive.
-Селектор на групната изложба на млади уметници „Пресек“ во Галерија Остен, Скопје.
-Учество во меѓународната изложба "Weaving Worlds: Collections in conversation" во Музејот на современа уметност Метелкова, Љубљана, со дела од постојаната колекција на МСУ Скопје.
-Учество во изложбата на Друштвото на ликовни уметници на Македонија под наслов „Скопски урбани приказни" со партиципативен перформанс „Оаза“, Плоштад Филип Втори Скопје.
- Учество во Годишната изложба на универзитетите со наслов: "Професори и студенти", јуни, во Младинскиот културен центар, заедно со студентите Ана Камчева и Петар Новковски.

Дизајн проекти

-Дизајн на етикети за производите на Галвин вино.
-Арт директор на работилница за кампања против онлајн насилство, во организација на UNICEF и Телеком, учесници ученици од средните училишта.
-Дизајн на визуелен идентитет и плакат за Фестивалот на европска литература BookStar.

Поважни рецензии, интервјуа, медиумски гостувања

-Повеќе објави во различни печатени и електронски медиуми.
Неформално образование

-Предавања на курсот Историја на мода и Методологија на дизајн на академиите за Моден дизајн и Графички дизајн и во школото Скала за учебната 2024-2025 година.

4.НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

-Благодарница од Музејот на Град Виница за учество во хуманитарна аукција за дневниот центар за лица со попреченост, 2024.
-Бллагодарница од здружението „Заедно посилни“ – признание за партнерството и поддршката во рамките на одбележувањето на Светскиот ден на ХИВ/СИДА 1.12.2024.
-(Ментор) Втора награда за студентката Марија Роглева на европскиот натпревар за млади модни дизајнери Pierre Cardin.

5.РАБОТА ВО ЗДРУЖЕНИЈА ОД СТРУКАТА

Член на Друштвото на ликовни уметници на Македонија.
Член на Македонската асоцијација на Чивнинг стипендисти.

ПРОФ. М-Р БЛАГОЈЧЕ НАУМОСКИ

НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Предмети
Прв циклус: Компјутерско дизајнирање, Моделирање, Дизајн проект, Современ дизајн, Индустриски дизајн 2 , Сценографија, Традиција и дизајн.
Втор циклус: Графички дизајн Б.

Менторства (дипломски /магистерски)

Ментор на дипломски труд на Адријан Зарески, предмет Графички дизајн 2
Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Кристина Лалева
Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Иван Шилинов
Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Ана Димковска
Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Магдалена Јованова
Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Ана Тошевска
Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Мона Богдановска
Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Емилија Пејоска
Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Ивана Стојановска
Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Магдалена Костеска
Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Круме Џуркоски
Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Леонардо Тодороски
Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Елена Цинцовска
Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Елена Ивановска
Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Росана Крстева
Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Матеј Милески

Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Филип Китанов
Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Емилија Спасовска
Член во комисија за одбрана на дипломски труд на Петар Новковски, предмет

Ментор на магистерски труд на Маја Јаќимовска, 4+1 Графички дизајн

Проекти на ФАД:

-Учество во организација на Годишна изложба на ФАД „19. приказна“, пропратена со мини модна ревија, јуни 2025, Лабораториум.
-Учество во Годишна изложба „Професори и студенти“ во Младински културен центар, изложба на дела од професори и студенти од сите уметнички факултети во Македонија, јуни 2025.

Посета на изложби/манифестации:

-Посета со студентите на изложби во Музеј на современа уметност, Чифте Амам, Даут пашнин амам, Младински културен центар, Културно-информативен центар, Моден викенд Скопје и други.

2.НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ
Учество во научни конференции и семинари

Претседател на Организациски одбор на 15-тата Меѓународна научна конференција на Европски универзитет-Скопје „Новата дигитална револуција во науката и уметноста“, септември 2025.

3.СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Стручни собири, проекти, активности

2025 година - „Урбани Трансформации’’, Културно информативен центар (КИЦ) Скопје, Македонија.

2024 година - „Урбани Трансформации’’, Културно информативен центар на Р.С. Македонија во Софија, Бугарија

2024 година - „ЕНЕРГИЈА НА СВЕТЛИНАТА’’ од циклусот „Урбани Трансформации’’, НУ Музеј Куманово

Групни изложби

2025 година – Промоција на стрип магазин „Тешка Машинерија’’, Цреша бар, Скопје

-2025 година - „Боите на Св. Трифун низ сликите на ликовните уметници од Македонија’’, Музеј – Галерија Кавадарци

- Учество во Годишната изложба на универзитетите со наслов: "Професори и студенти", јуни, во Младинскиот културен центар, заедно со студентите Меланија Стојанова и Исабелле .

2024 година - Промоција на стрип „СТРИП АРТ’’, Музеј на Македонија, Скопје

Поважни рецензии, интервјуа, медиумски гостувања

-Повеќе објави во различни печатени и електронски медиуми.

РЕД. ПРОФ. Д-Р ЈАНА МАНЕВА - ЧУПОСКА

1. НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Предмети Прв циклус:

Цртање, Техники на цртање, Сликање, Техники на сликање, Модна илустрација, Дизајн анализа, Колекција 2, Моден дизајн 2.

Втор циклус: Моден дизајн Б, Моден дизајн 2, Дизајн анализа.

Менторства:

Прв циклус: Ментор на реализирани дипломски трудови на студенти од насоката за моден дизајн.

Ментор во комисија за одбрана на магистерски трудови на студенти од насоката моден дизајн.

Посета на изложби, Гостувања на стручни лица:

Учесник и присуство на организираните гостувања на ФАД како програмски активности на ФАД, како и посета на изложби во музеи и галерии.

Организатор на гостувањето на уметничката Елена Ставревска сликар и дизајнер на накит.

Учество во изложбата „Професори и студенти“ во Младински културен центар- изложба на дела од професори и студенти од сите уметнички факултети во Македонија.

Промотивни активности на Европски универзитет:

Учество во директни и онлајн промотивни активности на ФАД и ЕУРМ.

Неформално образование – работилници и предавања:

Учесник и присуство на организираните гостувања на ФАД како програмски активности на ФАД.

3.СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Реализација на самостојна изложба во Истанбул, Турција.

Групни изложби: Учество на повеќе групни изложби како на домашната така и на мешународната сцена.

Поважни рецензии, интервјуа, медиумски гостувања:

Активна во сите електронски и печатени изданија во Р. Македонија. Пишани рецензии, интервјуа, гостин во повеќе медиумски гостувања. Објавени повеќе

интервјуа во весникот Вечер, поврзани со работата на Факултетот, како и за

самостојните уметнички активности.

-Гостувања на национални телевизии.

РАБОТА ВО ЗДРУЖЕНИЈА ОД СТРУКАТА

Претседател на Друштвото на ликовни уметници на Македонија.

ВОН. ПРОФ. М-Р. ХРИСТИЈАН САНЕВ

1. НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Предмети

Прв циклус:, Основи на графиички дизајн.

2. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Групни изложби

Учество во неколку групни уметнички изложби во земјата и странство.

Дизајн проекти

Дизајн за промоција на производи и дизајн на каталози за уметнички изложби. Дизајн на медиумски кампањи за домашни и странски клиенти.

Во рамки на агенцијата **Елемент ПР**, на работна позиција креативен директор - реализирани проекти, промоции и настани, визуелни и графички решенија на Санев за поголемите и позначајни клиенти како: Окта, Витаминка, Филип Морис, Мериот Хотел, Дистрикт, Слога пром, Макстил, Еуроникел, Телеком, и др.

3. РАБОТА ВО ЗДРУЖЕНИЈА ОД СТРУКАТА

ВОН. ПРОФ. Д-Р ИВАНКА АПОСТОЛОВА

1. НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Предмети (прв, втор циклус)

Изведба на настава со предавања – задолжителни предмети од прв циклус на студии - Историја на дизајн, Историја на уметност, задолжителен предмет од втор циклус на студии – Современа уметност.

Соработка со асистентката.
Соработка со деканатот и студентски прашања.
Консултации со студентите (онлајн, офлајн).
Координација на домашни работи, истражувачки ликовни есеи.
Изведба на колоквиумски испити со изработка на тестови.
Изведба на испити.
Консултации за завршната изложба.

Менторства (одбранети дипломски /магистерски, учество во комисии)
/

Посета на изложби, Организација на гостувања на стручни лица
/

Учество во стручно-уметнички проекти на ФАД (Годишна изложба, модни ревии, работилници и др.)

/

Промотивни активности на Европски универзитет
/

Неформално образование – работилници и предавања
/

2. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ

Објавени книги

2025 Во подготовка – книги и еКниги

- Books/E-books:

Upcoming Translations (Plays by Elena Alexieva/Bulgaria; Muanis Sinanovic/Slovenia; Rok Vilcnik (rokgre)/Slovenia; Filip Jurjevic/Croatia, Lucija Klaric/Croatia, Ivana Vukovic/Croatia, Anita Ceko/Croatia)

2024

еКниги / E-books:

- *KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K* (Video theatre project-Adapted Script; Adapter-Translator), Macedonian Center ITI/PRODUKCIJA, ISBN - 978-608-4912-82-8 (English, Macedonian version).

-*Working Translations 2024-2023 (Kalesnica (1970) by Svetlana Hristova), Project E.T.E.R.I.A.* (Translator), Macedonian Center ITI/PRODUKCIJA, ISBN - 978-608-4912-83-5 (English, Macedonian version).

-*Working Translations (Various Slovenian and International writers, poets - 2022, 2023, 2024;* Translator), Macedonian Center ITI/PRODUKCIJA, ISBN - 978-608-4912-84-2 (Slovenian, English version).

-*Virtual Tour Skopje Fortress https://shorturl.at/f9ntB,* (Editor), Macedonian Center ITI/PRODUKCIJA, ISBN - 978-608-4912-85-9 (Macedonian, English version).

-*Resume Macedonian Center ITI (Macedonian Messages World Theatre Day, International Dance Day, International Opera Day, 2021-2024 /* Editor, Translator*),* Macedonian Center ITI/PRODUKCIJA, ISBN – 978-608-4912-86-6 (Macedonian version).

Објавени научно-стручни трудови и преводи

- 2023/2025, Editorial Board Member of International Journal of Architecture, Arts and Applications (IJAAA), New York, USA. https://www.sciencepg.com/

- Professional Texts/Papers:

The Theatre Times, USA (2025/2018) – regional managing editor/author. https://thetheatretimes.com/author/i-basker/ (Interviews) and **Broadway Stars.com:**

All stories by Ivanka Apostolova Baskar on BroadwayStars - ***https://broadwaystars.com/index.php?author=Ivanka+Apostolova+Baskar***

https://thetheatretimes.com/theatre-is-a-university-a-lifelong-study-of-human-nature/ (**Sandra Gribovska Ilievska, 2025**)

-https://thetheatretimes.com/unbound-curation-the-freedom-of-programming-without-frames/ (**Guy Coolen, 2025)**

https://thetheatretimes.com/tired-of-consuming-postdramatic-theatre-contemporary-theatre-often-lacks-strong-dialogue/ (**Ana R. Trpenoska, 2025**)

-https://thetheatretimes.com/to-embrace-vulnerability-as-one-of-my-greatest-strengths-stronger-braver-vulnerable/ (**Jovana Miladinova, 2025)**

-https://thetheatretimes.com/i-hold-on-to-the-beautiful-side-of-theatre/ (**Tamara Stojanoska, 2025**)

-https://thetheatretimes.com/pandoras-ritual-to-kill-my-darlings-on-the-brink-of-an-individual-existential-revolution/ (**Wichi, 2025**)

-https://thetheatretimes.com/ubu-is-the-symbol-of-rebellion-tyranny-and-stupidity-budget-cuts-in-culture-a-serious-threat/(**UBU France - Chantal Boiron, 2025**)

-https://thetheatretimes.com/do-not-get-your-acting-degree-so-that-you-can-become-part-of-the-payroll-only-to-satisfy-your-appetites/(**Bajrus Mjaku, 2025**)

-https://thetheatretimes.com/i-am-not-afraid-for-the-future-of-the-theatre/ (**Zeljka Turcinovic, 2025**)

-https://thetheatretimes.com/theatre-haunts-people/(**Horea Garbea, 2025**)

-https://thetheatretimes.com/the-showcase-is-to-feed-from-academic-research-and-knowledge-but-it-is-hands-on-job-rather-than-dry-research/(**Handan Salta, 2025**)

-https://thetheatretimes.com/culture-belongs-to-humanity-not-to-the-armies/(**Bouboulina Nikaki, 2025)**

-https://thetheatretimes.com/there-is-nothing-to-know-about-the-theatre-there-is-everything-to-discover-about-theatre/(**Simona Semenic, 2025)**

-https://thetheatretimes.com/v4-improv-connect-empowering-cross-border-collaboration-and-growth-project-and-network-part-ii/(**Improv Connect, 2025)**

-https://thetheatretimes.com/v4-improv-connect-empowering-cross-border-collaboration-and-growth-project-and-network-part-i/(**Improv Connect, 2025)**

-https://thetheatretimes.com/between-the-rembelio-of-popolari-omilies-carnevals-anonymous-poets-and-no-stable-funding/(**Kostas Kapodistrias, 2024)**

-https://thetheatretimes.com/interview-with-brilliant-les-dramaturx-germany-playfully-in-the-sense-of-autonomous-art-or-politically-in-the-sense-of-artivism/**(les dramaturx, 2024)**

Деканот испраќаше неделни извештаи за одржана настава за сите предмети во програмата до Ректорот, Проректорот за настава и Управата, во координација со професорите.

- **Статистички извештаи**

Во координација со правната служба, Деканот учествува во подготовка на извештаи кои се доставуваат секоја академска година до Државниот завод за статистика.

- **Обврски со наставата**

Деканот на Факултетот во исто време е и наставник за 8 предмети во првиот циклус и 1 предмет во вториот циклус, редовно ги извршува и обврските поврзани со реализација на наставната програма за своите доверени предмети преку предавања, вежби и консултации, редовно следење на условите за одржување на настава, бидејќи на факултетот нема продекан тој беше задолжен за распоредите за колоквиуми и испитни сесии, разговор за конкретни наставни прашања и наставни планови.

- **Координација на тимот на ФАД**

Деканот координираше со тимот на 6 наставници (во целосно работно време), 5 насловни професори, 1 асистент, 2 демонстратори и 1 техничко лице. Колегиумите во текот на годината се одржуваа преку состаноци и онлајн средби.

- **Водење на Наставно-научен совет на ФАД**

Деканот одржа 34 седници на Наставно-научниот совет на Факултетот, и во координација со правната служба ги спроведуваше сите одлуки донесени на Советот. Него го сочинуваат наставниците во редовен работен однос, а присутни се и секретарот на советот и претставници од правната служба.

- **Комуникација со Управата на ЕУ-СК**

Деканот на ФАД одржуваше консултации со Претседателот на управниот одбор проф. д-р Елица Андреска, и со членовите на УО проф. д-р Билјана Андреска – Богдановска и проф. д-р Александра Андреска Саревска.

- **Комуникација со студентите**

Во текот на академската година континуирана и активна беше комуникацијата со студентите, во врска со прашања поврзани со наставата, со реализација на проектите, праксата, правилниците, оправдани отсуства, одредени забелешки и сугестии, разговори со родители кои се интересираат за текот студирањето, средби со потенцијални кандидати и друго. Деканот постојано преку емаил ги информираше студентите за сите активности поврзани со нивните студии, распоредите за колоквиуми и испити, гостинските предавања, проектите, конкурсите, изложбите и друго. Оваа комуникација беше особено важна и интензивна во периодот на онлајн настава.

Годишна програма за работа на ФАД

Во согласност со Закон за високо образование, Деканот подготви Годишна програма за работа на Факултетот за 2024/2025 година.

- **Тригодишна програма за развој и работа на ФАД**

Деканот ја подготви оваа програма, која содржи планови за развој и работа на ФАД во Академската 2024/25, 2025/26 и 2026/27 година.

- **Годишен извештај за работата на ФАД 2023/24**

Во текот на Академската 2023/24 година од страна на Деканот беше подготвен Годишниот извештај за работата на ФАД во Академската 2023/24 година.

- **Промоција на ФАД / Европски**

Деканот на Факултетот за арт и дизајн беше континуирано вклучена во промотивните активности, и го координираше учеството на ФАД во промоцијата на ЕУРМ, ангажираноста на дел на професори и асистенти во подготовка и дизајн на промотивни материјали, интервјуа со алумни, како и организација на настани.

- **Организација на Годишната изложба и учеството во „Професори и студенти“**

Деканот ја раководеше организацијата на годишната студентска изложба „**19. ПРИКАЗНА НА ФАД**’’ и учеството во изложбата во МКЦ.

Учество во организација на 15-тата меѓународна научна конференција

Деканот беше член на Програмскиот и Организацискиот одбор на конференцијата во септември 2025, давајќи свој придонес во тематските сегменти, подготвката на Повикот за трудови и дела и како Графички уредник на конференцијата.

- **Меѓународна соработка**

Во текот на академската година беа направени нови контакти со професори, декани, уметници, стручњаци од областа на дизајнот, од Р. Србија, Р. Грција и други земји.

- **Присуство на настани на ЕУ-СК**

Деканот присуствуваше на сите гостувања на ФАД, на настаните организирани на ЕУ-СК, како Првиот академски час, доделувањето на дипломите на студентите, 15-тата меѓународната научна конференција и други.

- **Присуство на други важни настани**

Деканот присуствуваше на стручни настани, дебати, состаноци, конференции и семинари во земјата и странство.

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА

Доц. д-р Игор Бимбилоски
Доц. д-р Стојан Трошански
Проф. д-р Марјан Богданоски

Во текот на 2024/2025 година во својство на Декан на Факултетот за детективи и криминалистика редовно присуствував на одржаните седници на Ректорска управа, со дневен ред определен од Ректорот. Меѓутоа, според укажаните тековни прашања поврзани со функционирањето на Факултетот и пошироко, учествував и на *ad hoc* состаноците со членовите на Ректорската управа (наставно-научни прашања, просторен и организациски дизајн, човечки ресурси итн.), при што партиципирав со конкретни предлози поврзани со тековното работење.

Во однос на активностите поврзани со редовното извршување на обврските од академскиот, наставничкиот и соработничкиот кадар во извештајниот период редовно испраќав извештаи, со што обезбедив благовремено информирање за сите детали од функционирањето на Факултетот: одржани предавања, вежби, отсуства од работа (приватни/службени), дополнителни активности на кадарот, контакти со институции, соработка и унапредување на работата.

Исто така, редовно ги проверувам, контролирам и потпишувам месечните извештаи за одржани предавања и вежби на наставниот и соработничкиот кадар (во редовен работен однос, насловни наставници и визитинг наставници и асистенти) со што придонесувам за непречено одржување на наставнио процес, комуникација со студенти, одржани консултации и останати облици на соработка. Во текот на овој период на Факултетот, се оствари вработување на проф. д-р Марјан Богданоски.

Во анализираниот период вработените на Факултетот вложија професионален ангажман за реализација на наставата и вежбите, за градење на квалитетни меѓучовечки односи и подигнување на интегритетот во целина. Наставниот и соработничкиот кадар на Факултетот беше сочинет од 4 редовно вработени наставници, 1 редовно вработен асистент, одреден број на визитинг и насловни наставници со кои воспоставив успешна работна координација и комуникација. Од посебно значење претставува и мојата комуникација со студентите од прв и втор циклус студии, која беше редовна, конкретна, коректна, а како најчести теми беа следните: практична настава, посета на институции, консултации за полагање колоквиуми и испити и друго.

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА

Проф. д-р Ана Белазелковска Грежловска

Деканот на Факултет за дентална медицина редовно присуствуваше на седниците на универзитетскиот сенат, каде ја следеше работата на сенаторите и процесот на донесување одлуки од важност за универзитетот.

Како член на Ректорска управа на Европски универзитет Скопје, Деканот на Факултетот за дентална медицина редовно присуствуваше на седниците на Ректорската управа во академска 2024/2024 година и активно учествуваше посебно во делот на активности поврзани со функционирањето на Факултет за дентална медицина.

Во однос на активностите поврзани со редовно извршување на обврските од академскиот кадар, деканот на Факултет за дентална медицина, редовно испраќаше извештаи до ректорот, проректорот за настава и управата, со што беа обезбедени информации за реализираната настава на Факултетот за дентална медицина.

Деканот на Факултет за дентална медицина одржува настава на прв и втор циклус интегрирани студии на македонски и англиски јазик за странци во академската 2024/2025 година. Исто така, оддржува и вежби односно практична настава по клинички и претклинички предмети од областа на стоматолошката протетика. Своите теоретски и практични познавања и искуства ги применува во секојдневна работа со пациенти.

Деканот го организира и надгледува, но и активно учествува во изготвувањето на распоредите за предавања и вежби по семестри за прв и втор циклус интегрирани студии, распореди за колоквиуми и за испитни сесии, како и водење на седници на Наставно-научниот совет.

Во координација со Правна служба, деканот ги спроведуваше одлуките донесени од страна на Универзитетскиот сенат.

Деканот на Факултет за дентална медицина, во согласност со Законот за високото образование, подготви Годишна програма за работа на Факултет за дентална медицина за академска 2024/2025 година.

Деканот на Факултет за дентална медицина беше континуирано вклучен во промотивните активности и го координираше учеството во промоција на Европски универзитет Скопје. Остваруваше on-line средби со заинтересирани студенти за упис и трансфер од странство: Холандија, Бугарија, Словачка, при што ја анализираше наставната програма од други земји и детално ги појаснуваше условите за студирање.

Како дел од промотивните активности на факултетот се меѓународните симпозиуми кои се организираат на годишно ниво, а се акредитирани од Стоматолошката комора на Р. С. Македонија.

- **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ**

ПРОФ. Д-Р МАРЈАН ГАБЕРОВ

Проф. д-р Марјан Габеров редовно присуствуваше на сите седници одржани од страна на Сенатот и Ректорската управа, со што зеде активно учество во делот на активности поврзани со функционирањето на Факултет за правни науки.

Позначајни работни обврски и остварени средби на деканот на Факултетот за правни науки се следните:

- Учество на Петнаесетта меѓународна научна конференција со наслов: „Новата дигитална револуција во науката и уметноста“, која се одржа на ден 19.09.2025 година
- Помош при изработка на Елаборати за реакредитација на студиски програми на останатите единици во состав на универзитетот;
- Тековни активности кои произлегуваат од делокругот на надлежност на деканот.

- **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА**

ПРОФ. Д-Р ИГОР ЛАЗОВ

На 04.12.2023 за Декан на Факултетот за информатика беше избрана доц. д-р Маја Саревска, додека пак функцијата Продекан не е назначена.
Од ден 21.05.2025 година на функцијата времен вршител на должност декан на Факултет за информатика е назначена проф. д-р Александра Андреска-Саревска.
Во текот на академската 202/2025 година, деканот на Факултетот за информатика, редовно присуствуваше на седниците на Ректорската управа, како и на седниците на Универзитетскиот сенат, при тоа земајќи активно учество во делот на активностите поврзани со функционирањето на Факултетот за информатика.

Во однос на извршувањето на наставните обврски на академскиот кадар, деканот редовно испраќаше извештаи до Ректорот и Проректорот за настава, со што беа обезбедени информации за реализираната настава на Факултетот за информатика.

Во академската 2024/2025 година, Деканот одржуваше настава на I /прв/ и II /втор/ циклус на студии, спроведуваше колоквиуми и испити по предметите според студиските програми и спроведуваше научно-истражувачка дејност.

Деканот подготви годишна програма за работа на Факултетот за информатика за академската 2024/2025 година. Исто така, активно учествуваше во подготовката на распоредите за предавања и вежби по семестри, и на распоредите за колоквиуми и испити, како и во водењето на седниците на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика.

Деканот присуствуваше на првиот академски час, на доделувањето на дипломи на студентите, како и на меѓународната научна конференција која се одржува на Европски универзитет Скопје.

12. РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И ФАКУЛТЕТИТЕ

12.1 Работни обврски на Универзитетскиот сенат во академската 2024/2025 година

Универзитетскиот сенат е орган на управување и стручен орган. Претседател на Сенатот на Европски универзитет Скопје е проф. проф. д-р Соња Вујасин.

Членови на Универзитетскиот сенат се:
- проф. д-р Катерина Василева Гешовска – Факултет за дентална медицина;
- проф. д-р Јана Манева Чупоска – Факултет за арт и дизајн;
- проф. д-р Зоран Крстевски - Факултет за економски науки;
- доц. м-р Никола Узуновски- Факултет за арт и дизајн;
- доц. д-р Мики Рунтев - Факултет за економски науки;
- Проф. д-р Гордана Вренцоска – Факултет за арт и дизајн;
- Проф. м-р Благојче Наумоски – Факултет за арт и дизајн.

Универзитетскиот сенат во академската 2024/2025 година, одржа вкупно 11 /дванаесет/ седници.

Точки кои се содржани во Дневен ред за работата на сенатот се следните:

1. Давање мислење за Годишна програма за развој и работа на Европски Универзитет Скопје за академската 2024/2025 година,
2. Усвојување на предлог Годишен извештај од ректорот, проф. д-р Билјана Андреска Богдановска за работењето на универзитетот за академската 2023/2024 година,

3. Потврдување на изборот за Декан на Факултетот за правни науки, на проф. д-р Марјан Габеров,
4. Предлог од Ректор за разрешување на проф. д-р Александар Нацев од функцијата Проректор за настава,
5. Потврдување на изборот на Декан на Факултетот за арт и дизајн, на проф м-р Благојче Наумоски,
6. Потврдување на изборот на Декан на Факултетот за детективи и криминалистика, на доц. д-р Стојан Трошански,
7. Постапување по Барање за вршење високообразовна дејност од друг Универзитет, согласно член 179 од Законот за високо образование Бр. 08-12/1 од 09.01.2025 година и Мислење Бр. 03-61/1 од 16.01.2025 година, поднесено од страна на наставно – научен совет на Факултетот за арт и дизајн во состав на Европски универзитет Скопје,
8. Формирање на комисија за избор на Претседател на Универзитетски сенат,
9. Избор на Претседател на Универзитетски сенат,
10. Формирање на комисија за самоевалуација при Европски Универзитет Скопје,
11. Усвојување на Универзитетски календар на наставни активности за академската 2025/2026 година,
12. Измени и дополнувања на Правилникот за ангажирање на афирмирани научници, уметници и стручњаци од практика, при Европски универзитет Скопје,
13. Разгледување на предлог за избор на овластено лице за прием на пријави на корупција,
14. Давање мислење за Годишна програма за работа на Факултетот за економски науки, за академската 2025/2026 година,
15. Давање мислење за Годишна програма за работа на Факултетот за правни науки, за академската 2025/2026 година,
16. Давање мислење за Годишна програма за работа на Факултетот за детективи и криминалистика, за академската 2025/2026 година,
17. Давање мислење за Годишна програма за работа на Факултетот за арт и дизајн, за академската 2025/2026 година,
18. Давање мислење за Годишна програма за работа на Факултетот за информатика, за академската 2025/2026 година,
19. Давање мислење за Годишна програма за работа на Факултетот за дентална медицина, за акадмеската 2025/2026 година,
20. Донесување на Одлука за замена на дел од членовите на Комисија за самоевалуација при Европски Универзитет Скопје.

На седниците на Универзитетскиот сенат, покрај претседателот на сенатот и сенаторите, редовно присуствуваа ректорот, проф. д-р Владо Ванковски, проректорот за настава, проф. д-р Елизабета Стамевска, деканите на факултетите, генералниот секретар и претставник од правната служба.

12.2 Работни обврски на Ректорската управа во академската 2024/2025 година

Ректорската управа на Европски универзитет Скопје ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на факултетите во состав на универзитетот.

Ректорската управа во текот на академската 2024/2025 година одржа вкупно 3 /четиринаесет/ редовни седници.

Како точки на Дневен ред кои беа разгледани и усвоени од страна на Ректорската управа, во академската 2024/2025 година се следните:

1. Дискусија за прославата на патронатот “Св. Никола” и за датумот за проомција на дипломирани и магистрирани студенти,
2. Дискусија за Годишниот извештај од Ректорот проф. д-р Билјана Андреска Богдановска за работењето на Универзитетот, во академската 2023/2024 година,
3. Распишување на Конкурс за трансфер со пренос на кредити и запишување студенти на прв и втор циклус студии во академската 2024/2025 година до второ затварање на матичната книга,
4. Распишување на конкурс за упис на студенти за академската 2025/2026 година,
5. Формирање на Комисија за прием на студенти на I /прв и II /втор/ циклус студии на Европски универзитет Скопје во академската 2025/2026 година,
6. Дискусија и разгледување понуди за фотографирање на апсолвенти за табло,
7. Формирање на Одбори за 15-та Меѓународна научна конференција на Европски универзитет Скопје,
8. Промотивни активности за академската 2025/2026 година,
9. Предлог за измена и дополнување на Правилникот за ангажирање на афирмирани научници, уметници и стручнаци од практика Бр. 03-1213/1 од 31.12.2019 година,
10. Предлог за избор на овластено лице за прием на пријави за корупција на Европски универзитет Скопје,
11. Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Ректор на Европски универзитет Скопје,
12. Определување датум за првиот академски час во академската 2025/2026 година,
13. Определување датум за промоција на дипломирани и магистрирани студенти,
14. Наставни прашања и покриеност на настава за академската 2025/2026 година.

12.3 Работата на органите на единиците во состав на Европски универзитет Скопје

Во овој дел за Работата на органите на единиците во состав на универзитетот, образложени се активностите на Наставно-научниот совет, Наставно-научниот колегиум, Деканската управа и катедрите при факултетите.

- **ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ**

Наставно-научен совет

Наставно-научниот совет во академската 2024/2025 година функционираше во следниот состав: Декан Проф. д-р Александра Станковска, Проф. д-р Елизабета Стамевска, Ректор Проф. д-р Билјана Андреска Богдановска, Проф. д-р Анита Шешо, Проф. д-р Зоран Крстевски, Доц. д-р Мики Рунтев, Виш лектор Марија Драговиќ. На седниците на ННС редовно присуствуваа генерален секретар Санела Стојановска, правник Марија Мирчевска. Согласно точките на Дневен ред на седниците на Наставно-научниот совет, се поканувваа да учествуваат и наставниците избрани во звање-насловен доцент. Исто така, на седниците на ННС присуствуваше и претставник на студентите.

Наставно-научниот совет оддржа 13 Наставно – научни седници, од 347 седница оддржана 07.10.2024 година до 359 седница оддржана на 19.09.2025 година. Најчести точки на Дневен ред беа наставните прашања, усвојување на програми за работа и распореди за предавања и вежби, усвојување на барања за подготовка на учебници и учебни помагала, објавување на конкурси за избор /промоција на наставно-соработнички кадар, донесување акти потребни за функционирање на Факултетот, пријави на магистерски трудови,

извештаи од барања за формирање на комисии за одбрана на магистерски трудови, усвојувања на извештаи од рецензиони комисии за одбрана на магистерски трудови. Со законската обврска од Министерството за образование и наука за проверка на магистерските трудови за плагијатизам, Извештаите за плагијатизам на магистерски трудови исто така се разгледуваат на состаноците на Наставно-научниот совет.

Наставно-научен колегиум

Наставно-научниот колегиум во академската 2024/2025 година функционираше во следниот состав: Раководител на Наставо-научен колегиум проф. д-р Зоран Крстевски и членови Декан проф. д-р Александра Станковска, Ректор проф. д-р Билјана Андреска Богдановска, проф. д-р Елизабета Стамевска, вон. проф. д-р Анита Шешо, доц. д-р Мики Рунтев, виш лектор Марија Драговиќ. Наставно-научниот колегиум се оддржува еднаш месечно, пред оддржувањето на седниците на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки. На дневен ред на колегиумот претежно се пријави за изработка на магистерски трудови.

Деканска управа

Деканската управа се состануваше повеќе пати неделно и ги вршеше работите од своја надлежност, како ги подготвуваше и предлагаше актите и материјалите за прашања за кои одлучува Наставно-научниот совет и Деканот, за издавачката дејност на факултетот, како и други работи што беа актуелни во тековното работење на Факултетот за економски науки.

Катедри

Наставата се планираше во рамките на катедрите, како на додипломски, така и на последипломски студии. Во 2024/2025 година функционираа следните катедри на Факултетот за економски науки: Маркетинг, Бизнис менаџмент, Финансии и Здравствен и фармацевтски менаџмент.

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН

Наставно –научен совет

Наставно-научниот совет во академската **2024/2025 година** функционираше во следниот состав:

Декан, проф. м-р Благојче Наумоски, проф. д-р Гордана Вренцоска, проф. д-р Јана Манева – Чупоска, доц. м-р Никола Узуновски. Деканот ги подготвува и свикува седниците на Наставно-научниот совет, а секретар на Советот е асс. м-р Славица Танеска.

Наставно-научниот совет оддржа вкупно **34 седници**, од **235** до **268** седница. Најчести точки на Дневен ред беа наставните прашања, распореди за предавања и вежби, распореди за доверување на наставата, објавување на конкурси за избор/реизбор на професори и соработници, усвојување рецензии за избор/реизбор, усвојување на стручно-уметнички проекти и извештаи за реализација, усвојување теми и извештаи за магистерски трудови, годишни програми и извештаи, усвојување на студиски програми и друго.

11.2 Наставно-научен колегиум

Наставно-научниот колегиум во академската **2024/2025 година** функционираше во следниот состав: претседател: проф. м-р Благојче Наумоски, проф. д-р Гордана Вренцоска, проф. д-р Јана Манева – Чупоска, доц. м-р Никола Узуновски. Во академската **2024/25 година** се одржаа наставно-научни колегиуми каде се разгледуваа пријави за изработка на магистерски трудови, а се дискутираше и за други важни теми поврзани со наставата и функционирањето на факултетот.

11.3. Деканска управа

Деканската управа во Академската 2024/25 година работеше без продекан, што подразбираше зголемени обврски на деканот. Главниот ангажман на деканската управа беше посветен на координирање на наставните активости, подготовка на материјали, наставно-научни совети, правилници, одговори на одредени барања поврзани со административното работење, статистички извештаи, годишни планови и извештаи, работа со студенти и странки, средби со зинтересирани стдуденти за упис, координирање на активности околу стручно-уметничките проекти.

И во оваа академска година значаен дел од активностите на деканската управа беа посветени на координирањето на наставните активности и координирање на процесите за реализација на предвидените вон-наставни активности.

11.4. Катедри

КАТЕДРА ЗА ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН

КАТЕДРА ЗА ДИЗАЈН НА ЕНТЕРИЕР

КАТЕДРА ЗА МОДЕН ДИЗАЈН

Наставата, и особено вон-наставните активности се планираат во рамките на катедрите, како на додипломски, така и на последипломски студии. Во 2024/25 година беа реализирани редовните наставни активности, а голем фокус беше ставен на подготовката на Елаборатите за реакредитација на студиските програми. Со неодржувањето на Годишната изложба и на групната студентска модна ревија, катедрите не беа во можност да ја покажат во целост својата работа и достигнувањата на студентите во рамки на предметните задачи и завршните трудови. Исто така, заради флуктуација на наставен кадар во Академската 2024/25 година, како и новите засебни студиски програми со трите насоки, потребно е реорганизирање на работата на катедрите.

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА

Наставно-научен совет

Наставно - научниот совет во 2024/2025 година го сочинуваа:

Декан: Проф. д-р Ана Белазелковска Грежловска, Проф. д-р Катерина Василева Гешоска, Проф. д-р. Маја Поп Стефанова – Трпоска – редовен професор, Проф. д-р Вера Стојановска- редовен професор, Проф. д-р Емилија Костадиновска, Проф. д-р Маријана Мирческа, Проф. д-р Соња Вујасин, Проф. д-р Снежана Ивиќ Колева и Доц.д-р Тања Дејаноска.

Наставно-научниот совет во 2024/2025 година одржа 14 седници, од кои поголемиот дел беа за избор на наставници и соработници и донесување на акти, неопходни за функционирање на Факултетот за дентална медицина.

- На 218-та седница одржана на ден 21.10.2024 година се донесе Одлука за избор на доц. д-р Емилија Костадиновска во наставно-научно звање Вонреден професор од наставно-научната област: „Детска стоматологија" (30402 - Фраскатиева класификација) која стапи во сила од денот на донесувањето.

- На 218-та седница одржана на ден 21.10.2024 година се донесе Одлука за избор на доц. д-р Соња Вујасин во наставно-научно звање Вонреден професор од наставно-научната област: „Протетика" (30407 - Фраскатиева класификација) која стапи во сила од денот на донесувањето.
- На 219-та седница одржана на ден 11.11.2024 година се донесе Одлука за избор на д-р Тања Дејаноска во наставно-научно звање Доцент од наставно-научната област: „Протетика" (30407 - Фраскатиева класификација) која стапи во сила од денот на донесувањето.
- На 220-та седница одржана на ден 25.11.2025 година се донесе Одлука за избор на доц. д-р Маријана Мирческа во наставно-научно звање Вонреден професор од наставно-научната област: „Дентална патологија" (30404 - Фраскатиева класификација) која стапи во сила од денот на донесувањето.
- На 223 -та седница одржана на ден 14.01.2025 година За претседател на Факултетско студентско собрание на Факултетот за дентална медицина при Европски универзитет Скопје, беше избрана Јордановска Сара, студент во IV /четврта/ година.За членови на Факултетско студентско собрание на Факултетот за дентална медицина при Европски универзитет Скопје, со мнозинство гласови, беа избрани следните студенти: Милков Ангел и Камчева Росана.
- На 224-та седница одржана на ден 17.02.2025 година 224 седница е усвоен позитивниот извештај од Рецензионата комисија за рецензија на учебник „Реставративна дентална медицина" од авторот вон. проф. д-р Маријана Мирческа и проф. д-р Лидија Поповска за студиска програма "Забен техничар" прв/I/ циклус стручни студии на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје.
- На 225-та седница одржана на ден 27.03.2025 година се донесе Одлука за избор на д-р Деспина Лазарова во звање демонстратор која стапува во сила од денот на донесувањето.

Деканска управа

Деканската управа ги вршеше и работите од својата надлежност односно ги подготвуваше и предлагаше актите и материјалите за прашања за кои одлучува наставно-научниот совет и Деканот, како и други работи што беа актуелни во тековното работење на Факултетот за дентална медицина во рамките на Европски универзитет Скопје.

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА

Наставно-научен совет

Наставно-научниот совет во академската **2024/2025 година** функционираше во следниот состав: Декан, доц. д-р Игор Бимбилоски, доц. д-р Стојан Трошански, проф. д-р. Александар Нацев, проф. д-р Марјан Богданоски, доц. д-р Билјана Богданова-Смилевска и асс. м-р Александар Трајковски кој ја обавуваше функцијата секретар на ННС на ФДК.

Наставно-научниот совет својата прва седница (244-та) за академската 2024/2025 година ја оддржа на 11.09.2024 година, додека последната седница (264-та) беше одржана на 18.08.2025 година, со што вкупно беа одржани **20 седници.** Најчести точки на Дневен ред беа: наставните прашања, распореди за предавања и вежби, објавување на конкурси за избор/реизбор на професори, доверување на настава и вежби, пријави за магистерски трудови, извештаи од барања за формирање на комисии за оценка и одбрана на магистерски трудови, усвојувања на извештаи од рецензентски комисии за оценка и одбрана на магистерски трудови.

7.2 Наставно-научен колегиум

Наставно-научниот колегиум во академската **2024/2025 година** функционираше во следниот состав: проф. д-р Александар Нацев (проректор за настава), доц. д-р Игор Бимбилоски, доц. д-р Стојан Трошански, проф. д-р Марјан Богданоски, доц. д-р Билјана Богданова-Смилевска. Во академската **2024/2025 година** се одржаа наставно-научни колегиуми на кои се разгледуваа повеќе пријави за изработка на магистерски трудови со предлог-теми од областа на „криминалистиката“ и „националната безбедност“.

7.3 Деканска управа

Главниот ангажман на деканската управа беше посветен на подготовка на материјали, правилници, одговори на одредени барања поврзани со административното работење. Во работата на деканската управа беше вклучен целиот наставен кадар.

➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

Наставно-научен совет

Наставно-научниот совет во 2024/2025 година функционираше во следниот состав: проф. д-р Ѓорги Сламков - декан, проф. д-р Марјан Габеров. Наставно-научниот Совет во текот на академската 2024/2025 година одржуваше седници, од кои поголемиот дел беа за донесување одлуки за избор на наставници и донесување на акти, неопходни за функционирањето на Факултетот, меѓу кои и Годишната програма за работа на Факултетот.

- **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА**

Наставно-научен совет

Во текот на академската 2024/2025 година Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика функционираше во следниот состав: доц. д-р Маја Саревска, проф. д-р Александра Андреска-Саревска, доц. д-р Игор Бимбилоски, секретар асистент м-р Марија Манчевска .

Седници на Наставно-научниот совет беа одржувани редовно и со присуство на претставник од Правната служба на Универзитетот при што задолжително беше воден записник. Најчести точки на дневниот ред беа наставно-академските прашања како објавување конкурси и избори/реизбори на наставници и асистенти, формирање рецензентски комисии за подобност на темата и кандидатот, комисии за преглед и оценка, и комисии за одбрана на магистерски тези, усвојување барања за подготовка на учебници, промоција на Факултетот, информации и дискусии околу квалитетот на наставата и слично.

7.2. Наставно-научен колегиум

Членови на Наставно-научниот колегиум се сите наставници на Факултетот за информатика кои се вклучени во академскиот процес. Најчести точки на дневниот ред на Колегиумот беа разгледување пријави за магистерски работи и презентации на истите. Посебен нагласок беше ставен на законската обврска дадена од Министерството за образование и наука за проверка на потенцијален плагијаризам во научните трудови на магистерските кандидати.

7.3. Деканска управа на Факултетот за информатика

На 04.12.2023 за Декан на Факултетот за информатика беше избрана доц. д-р Маја Саревска, додека пак функцијата Продекан не е назначена.
Од ден 21.05.2025 година на функцијата времен вршител на должност декан на Факултет за информатика е назначена проф. д-р Александра Андреска-Саревска.

13. РАБОТАТА НА ЕРАЗМУС КАНЦЕЛАРИЈА

Во извештајниот период од **01.10.2024 до 30,09,2025** еразмус канцеларијата презема бројни дејности и активности во насока на оставарување на поставените цели.

- потпишани **24 Меѓународни Билатетални Договори**. Во прилог ви доставувам листа на договори.
- **Одобрен ЕУ грант br.2024-1-MK01-HED-000197703 во износ од 25.995,оо евра**, Уплатени 80% на посебна сметка Европски Универзитет
- Реализирани 11 мобилности на студенти (предвидени 9)
- Реализираљни 2 гостувања на наши професори и 2 гостувања на ненаставен кадар. Реализација на проекти надминала предвидени очекувања. Изработка на Извештај за Брисел во тек. (рок на поднесување 30,09,26, Со прифакање на Извештајот од страна на Брисел ќе се доплатан останатите 20% на сметка на ЕУ.
- **Потпишан договор со Anna Lindh фондација од Финска која со своите активности ги покрива државите од целиод Медитеран.** Европски Универзитет како член доби проект за бесплатно рекламирање на своите активности и трудови.

Воедно бесплатна обука, реализирана во Тирана (април 2025 за Раководител на Центар за Меѓународна Соработка.

- **Раководител на Центарот за Меѓународна Соработка успешно помина обука за ЕУ грантови во траење од 60 дена** (ноември/декември 25) на Грант Академија во Скопје (со секојдневно присуство на работно место)
- **Реализирани 3 гостувања** на меѓународни професори на нашиот универзитет како и **студии на 2 студенти на факултет на Криминалистика**
- **Одобрен ЕУ грант br.2025-1-MK01-KA131-HED-000306319 во износ од 36,386,оо евра.**Уплатени 80% на посебна сметка на Европски Универзитет. Реализација на грант во тек. (првите студенти наскоро заминуваат во Ријека Хрватска и на Кипар)

International Bilateral Agreement

1.Sveučilište u Splitu

2. USKUDAR Istanbul

3. ISTUN Istanbul

4. UNION Beograd

5. International University– Kazahstan

6. ASU – Jordan

7. UAU – Indonezija

9. Univerzitet Padova

10. University MAIS – Samsun

11. SUniverzitet Lazar Vokatić Novi Sad

12. University ARKA – Split

13. University Podgorica– Podgorica

14. Università di Foggia – Foggia

15. ZBEU – Zogundak

16. UDG – Podgorica

17. Univesity Sofija

18. JARMAUK – Istanbul

19. UNI – Niš

20. TTF – University of Zagrebu

21. HOCHŠKULE Schmalkaden – Germany

22. University ECEVIT Istanbul

23. University DUMLUPILAR Istanbul

24. Univesity BURSA Bursa

14. МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ ЗА НАУКИ И УМЕТНОСТИ „ИДЕЈА“

Меѓународно научно списание

Европски универзитет – Скопје го издава Меѓународното списание за наука и уметност „ИДЕЈА“, почнувајќи од академската 2017/2018 година. Списанието се издава два пати годишно и има мултидисциплинарен карактер опфаќајќи трудови од областа на економијата, информатиката, правото и политиката, уметноста, медицината и здравството, безбедноста и останати области. Во списанието се објавуваат оригинални научни трудови (Original scientific paper), прегледни трудови (Reviews), стручни трудови (Professional paper), научни белешки и кратки соопштенија (Notes), претходни соопштенија (Preliminary communications) и уметнички дела (Artworks). Ова списание има меѓународен уредувачки одбор кој го сочинуваат професори и научници кои произлегуваат од реномирани универзитети од повеќе земји вклучувајќи ги Македонија, Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Турција, Шпанија и Италија.

Во академската 2024/2025 година се издадени 15-тиот и 16-тиот број на ова списание, во кои се вклучени вкупно 29 трудови и 2 уметнички дела на 40 автори и коавтори. Во овие две изданија се опфатени трудови кои произлегуваат од тековните истражувања на авторите поврзани со актуелни теми од нивните потесни подрачја на интерес. Дополнително, во 15-тиот број се опфатени и трудови кои произлегуваат од Четиринаесеттата меѓународна научна конференција во организација на Европски универзитет – Скопје, со наслов „Современи аспекти на техничките, општествените, уметничките и медицинските системи“. Во презентираните трудови на авторите во овие две изданија, помеѓу останатите, се разработуваат теми поврзани со: современите аспекти во економијата, истражувајќи ги новите инструменти на финансиските пазари, како и современите пристапи во финансиското известување и сметководствената евиденција; понатаму, анализа на правните феноменолошки карактеристики и рецидивизам на малолетничката деликвенција и правната заштита на децата и семејството; истражувања поврзани со современите аспекти во безбедноста, опфаќајќи ја полициската корупција, агенциите за обезбедување, перењето пари и прекршочната одреденост на јавниот ред и мир; истражувања на современите пристапи и аспекти во областа на информатичките технологии, преглед на структурата на податоците, безбедноста на податоците, како и примена на информатичката технологија при создавањето уметност; програмирањето на умот како филозофско и етичко размислување; истражувања поврзани со примената на нови технологии во медицината; како и истражувања во уметноста со приложување уметнички дела кои ги одразуваат современите аспекти на уметноста.

Главен и одговорен уредник е вон.проф. д-р Анита Шешо.

15. САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" бр.82/18), самоевалуација на универзитетот, односно на единиците на универзитетот, се спроведува од интервали од најмногу 3 /три/ години.

Главната функција на самоевалуацијата е современиот пристап кон остварување на квалитетот во високото образование, што подразбира студентот да се јави како учесник во целокупната наставно-образовна дејност, а не само како нејзин корисник. Планот за самоевалуација е подготвен со цел Европски универзитет Скопје да ја обезбеди својата одговорност пред неговите студенти, академскиот кадар, персоналот за поддршка и деловната средина.

Самоевалуацијата се спроведува со следните цели:

- **Евалуирање на академскиот кадар** (наставници, соработници и демонстратори) за да се измери нивното постигнување;
- **Евалуирање на службите и услугите на Европски универзитет Скопје** за се измери нивниот квалитет;
- **Добиените резултати** да послужат за согледување на работењето на академскиот кадар и службите, како и на услугите кои ги нуди универзитетот;
- **Разрешување** на откриените евентуални отстапки и **создавање** основа врз која ќе се оцени и подобри вкупното работење на Европски универзитет Скопје.

Со планот за самоевалуација се одредува ефективноста на студиските програми на факултетите и на универзитетот како целина. Со планот се идентификуваат конкретните промени за подобрувања кои се еднакво потребни на сите нивоа, институционално, педагошко, административно, и се има за задача да се предложи практичен план за акција за да се остварат овие промени.

Во академската 2024/2025 година на Европски Универзитет Скопје беше спроведена редовната постапка за **самоевалуација**, во целосна согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и утврдените внатрешни процедури. Постапката беше навремено реализирана и ги опфати сите неопходни активности предвидени со правилниците за обезбедување квалитет.

Спроведување на постапката.

Универзитетскиот сенат донесе одлука за формирање на **стручен тим – Комисија за самевалуација**, составена од претставници на наставниот кадар и студентите. Комисијата беше задолжена да ја води постапката, да ги прибере потребните податоци и да го подготви завршниот извештај.

Постапката беше спроведена уредно на следниот начин:

- прибирање на податоци од сите факултети и служби,
- анализа на документацијата и интерните процеси,
- спроведување анкети меѓу студенти, наставен кадар и администрација,
- оценување на работата и функционирањето на Универзитетот,
- изработка на финален извештај.

Опфат на самоевалуацијата

Самоевалуацијата се однесуваше на работењето на Универзитетот во **изминатите три години** и опфати повеќе сегменти од неговото функционирање, меѓу кои:

- квалитетот и организацијата на наставниот процес,
- **оценување на целиот наставен кадар**, според изведба на настава, комуникација со студенти, истражувачки активности и професионален развој,
- **оценување на административниот кадар**, во однос на ефикасност, организираност и поддршка на студентите,

- функционирањето на универзитетските служби,
- условите за работа и материјално-техничката опременост,
- студентското искуство и задоволството од услугите,
- научноистражувачката дејност и интернационализацијата.

Извештај и утврдени наоди

Врз основа на собраните податоци, Комисијата изготви **сѐопфатен извештај за самоевалуација**, во кој се прикажани:

- состојбата на Универзитетот,
- квалитетот на наставата и административните услуги,
- степенот на реализација на стратешките цели,
- анализи на постојните процеси,
- препораки за нивно подобрување.

Извештајот потврдува дека Универзитетот уредно ги спроведува своите активности, ја следи законската рамка и обезбедува стабилен систем за квалитет.

Транспарентност

Извештајот за самоевалуација е **јавно објавен на веб-страницата на Европски Универзитет Скопје**, со што институцијата ја потврдува својата определба за транспарентност, отчетност и достапност на информациите за сите заинтересирани страни.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Со завршувањето на академската 2024/2025 година, успешно се остварени поставените цели, при што беше реализиран целиот процес на обезбедување квалитетно и комплетно образование за студентите. Овој успех се постигна преку имплементација на модерни наставни методи, обогатување на академскиот кадар, како и континуирано усогласување со највисоките стандарди во образованието. Универзитетот продолжува да се развива и да ги подобрува своите програми, со цел да им обезбеди на студентите одлична подготовка за професионалните предизвици и активна улога во општествениот и економскиот развој. Со завршувањето на академската 2024/2025 година, успешно се реализирани сите поставени цели, а процесот на обезбедување квалитетно и целосно образование за студентите е успешно завршен. Универзитетот е образовна институција која ги обединува интелектуалната и културната разновидност, и е целосно посветена на образованието на своите студенти преку додипломски и постдипломски студии. Визијата на Европски универзитет Скопје е континуиран напредок, со цел да се постигнат европски стандарди во наставно-образовниот процес, применувајќи ги најдобрите практики од високообразовниот систем во своето работење. Универзитетот организира современ наставен процес за студентите, пренесувајќи знаење и вештини преку компетентни кадри и во најсовремено опремени простории. Во состав на универзитетот работат шест единици кои ја остваруваат наставно-образовната, научната и апликативната дејност. Покрај тоа, во рамки на Универзитетот функционира и Приватна здравствена установа - Универзитетски стоматолошки клинички центар „ПРОФ. Д-Р БОЈО АНДРЕСКИ“ во Скопје, каде студентите на Факултетот за дентална медицина стекнуваат нови знаења преку практична работа.

Европски универзитет Скопје – Заедно создаваме успех и иднина!

Р е к т о р :

Проф. д-р Билјана Андреска Богдановска